**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

---

# П Р Е Д Л О Г
# НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО

**Скопје, јули 2023 година**

## В О В Е Д

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 72/10, 158/11, 119/13, 164/13, 152/15, 193/15, 55/16 и 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/22) се уредуваат условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, онеспособување (деактивирање), промет, превоз и пренесување преку државната граница на оружје и муниција, а определено е дека одредбите на

овој закон нема да се применуваат на вооружувањето и воената опрема, како и на оружјето и муницијата наменети за потребите на Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, казнено-поправните установи и другите државни органи и правни лица утврдени со посебни прописи.

Поаѓајќи од потребата за усогласување со европската регулатива од предметната област, како и потребите на стручните служби во Министерството за внатрешни работи произлезени од практичната имплементација на Законот за оружјето, а воедно и барањата од страна на Комората на Република Македонија за приватно обезбедување, Стопанската комора на Македонија - Групација за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена, Ловечка федерација на Македонија и Македонска спортска стрелачка федерација се утврди потребата од ревидирање на одредбите од Законот за оружјето, а во насока на подобрување на правната рамка за постапување со граѓанското оружје.

Определени точки на изменување на Законот главно се однесуваат на ревидирање на дефинирањето на изразите кои се употребуваат во законот, како и целосно ревидирање на одредбата која се однесува на квалификација на оружјето, а со цел усогласување со европската регулатива од областа на оружјето.

Во најголем дел предложените изменувања и дополнувања на законот се врши ревидирање и уредување на определени состојби, со цел транспонирање на:

- Директивата (ЕУ) 2021/555 на Европскиот парламент и на Советот од 24 март 2021 година за контрола на набавувањето и поседувањето оружје (кодифициран текст);
- Директива за спроведување (ЕУ) бр.2019/69 на Комисијата од 16 јануари 2019 година за утврдување технички спецификации на оружје за предупредување и сигнализација во согласност со Директивата 91/477/ЕЕЗ на Советот за контрола на набавување и поседување оружје и
- Регулатива (ЕУ) бр.258/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 14 март 2012 година за спроведување на член 10 од Протоколот на Обединетите нации против незаконско производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, со кој се надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал („Протокол на ОН за огнено оружје“) и за утврдување на дозвола за извоз и мерки за увоз и транзит на огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција.

Со предложените изменувања и дополнувања на предметниот закон, исто така, се вршат и техничко-терминолошки прецизирања на законот, надминување на практичните проблеми со кои се соочуваат надлежните служби на Министерството за внатрешни работи, како и содржинско и нормативно-правно унапредување на предвидените законски решенија во правец на нивна доследна практична примена.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето се заснова врз истите цели и начела врз кои е заснован Законот за оружјето. Со предложените законски решенија се очекува прецизирање на содржината на предметниот закон и негово хармонизирање со правото на Европската унија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето се врши усогласување на Законот за оружјето со:

- Директивата (ЕУ) 2021/555 на Европскиот парламент и на Советот од 24 март 2021 година за контрола на набавувањето и поседувањето оружје (кодифициран текст);
- Директива за спроведување (ЕУ) бр.2019/69 на Комисијата од 16 јануари 2019 година за утврдување технички спецификации на оружје за предупредување и сигнализација во согласност со Директивата 91/477/ЕЕЗ на Советот за контрола на набавување и поседување оружје и
- Регулатива (ЕУ) бр.258/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 14 март 2012 година за спроведување на член 10 од Протоколот на Обединетите нации против незаконско производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, со кој се надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал („Протокол на ОН за огнено оружје“) и за утврдување на дозвола за извоз и мерки за увоз и транзит на огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО

**Член 1**

Во Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 72/10, 158/11, 119/13, 164/13, 152/15, 193/15, 55/16 и 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/22), во член 1 ставот 1 се менува и гласи:

„Со овој закон се уредуваат условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, онеспособување (деактивирање), обележување и жигосување, промет, превоз, претовар и пренесување преку државна граница на оружје, главни делови на оружје и муниција.“.

**Член 2**

Во член 2 став 2 точката 9) се менува и гласи:

„9) алармно и сигнално оружје кое не се произведува согласно техничките спецификации предвидени во овој закон;“.

Во точката 10) сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 11) точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката 11) се додаваат четири нови точки 12), 13), 14) и 15), кои гласат:

„12) трајно деактивирано оружје;

13) парадно и акустично оружје;

14) пеинт бол (Paint ball) и

15) аирсофт (Airsoft).

Во ставот 4 точката 3) се брише.

Точката 4) станува точка 3).

Во точката 5) која станува точка 4) сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 6) која станува точка 5) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 5) се додава нова точка 6) која гласи:

„6) алармно и сигнално оружје, кое се произведува согласно техничките спецификации предвидени во овој закон.“.

**Член 3**

Членот 3 се менува и гласи:

„Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

„Огнено оружје“ е секое преносливо оружје со цевка (пушка, пиштол и револвер) кое исфрла, односно конструирано е под притисок на запално гориво да исфрли сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, како и секое преносливо оружје со цевка кое може да се видоизмени за да исфрли сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил. За огнено оружје во смисла на овој закон, се смета и секој предмет кој може да се видоизмени за да исфрла сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, ако предметот по надворешниот изглед одговара на огненото оружје и поради неговата конструкција или материјалот од кој е изработен истиот може да се видоизмени;

За огнено оружје не се сметаат делови на огненото оружје и предмети кои исфрлаат, односно конструирани се под притисок на запално гориво да исфрлаат сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, како и делови кои можат да се видоизменат за да исфрлаат сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, ако:

- се изработени за аларм, сигнализација, спасување на животи, убивање на животни, ловење риба со харпун или се наменети за индустриски и технички цели само ако се користат за тие цели и што не можат да се конвертираат во огнено оружје и

- се делови на старинско оружје или реплика на старинско оружје, кое не е опфатено со категоризацијата на оружјето од членот 4 од овој закон и не може да се употреби како главен дел на огнено оружје;

„Делови на огнено оружје“ се сите главни, резервни и други делови на огненото оружје што се неопходни за неговата употреба (цевка со лежиште за куршуми, рам или сандак, механизам за

затворање - затворач или навлака - лизгач, ударен механизам или затворен блок), како и опрема наменета или приспособена да го намали звукот при употребата на огненото оружје;

„Кусо огнено оружје“ е оружје чија цевка е со должина до 30 см или чија вкупна должина не е поголема од 60 см;

„Долго огнено оружје“ е оружје чија цевка е подолга од 30 см или чија вкупна должина надминува 60 см;

„Автоматско огнено оружје“ е оружје кое по секое пукање автоматски се празни и полни и кај кое со едно притискање на чкрапецот се испукуваат повеќе или сите куршуми од магацинот на оружјето;

„Полуавтоматско огнено оружје“ е оружје кое по секое пукање, автоматски се празни и полни и кое може да испука само еден куршум со едно притискање на чкрапецот;

„Репетирачко огнено оружје“ е оружје кое по испукувањето се полни и празни рачно, со ставање на куршум во цевката, земен од магацинот и пренесен со помош на механизам;

„Еднострелно огнено оружје“ е оружје без магацин кое пред секое испукување се полни рачно со ставање на куршум во лежиштето на куршуми и во вдлабнатиот дел предвиден за таа цел на влезот од цевката;

„Пневматско оружје“ се сите видови пушки, пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на компримиран воздух или друг компримиран гас низ цевката исфрлаат проектили со различен облик;

„Гасно оружје“ се сите видови пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на барутни гасови или сличен гас насочено распрснуваат или исфрлаат со муниција, иритирачки гас кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето;

Како гасно оружје, во смисла на овој закон, не се сметаат направи кои распрснуваат или исфрлаат иритирачки гас кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето, а се исклучиво наменети за самоодбрана;

„Алармно и сигнално оружје“ се направи со лежиште за муниција наменети за испалување само на ќор-фишеци, надразнувачки гасови, други активни супстанци или пиротехнички средства за сигнализација и не можат да се преправат за да исфрлат сачма, куршум или проектил под дејство на запално гориво;

„Парадно и акустично оружје“ е огнено оружје кое е посебно преправено, исклучиво за употреба на ќор-фишеци, за употреба во театарски претстави, фотографирања, филмски и телевизиски снимања, реконструкции на историски настани, паради, спортски настани и обука;

„Експлозивно оружје“ се сите видови бомби, мини, гранати и други направи кои содржат експлозивни материи или запаливи средства, кај кои поради надворешно или внатрешно дејство (тежина, удар, триење, хемиска реакција, електрична енергија и слично) се предизвикува ослободување и создавање на енергија и експлозија;

Како експлозивно оружје, во смисла на овој закон, се сметаат и делови на експлозивно оружје, запалувач и други предмети, кои се очигледно подготвени за изработка на експлозивно оружје;

„Оружје со тетива“ се лак, самострел и други направи кои под притисок на затегнатите краци на лакот, со тетива исфрлаат стрела или друг проектил;

„Ладно оружје“ се сите предмети направени за вршење напад или нанесување на телесна повреда, со употреба на физичка сила на напаѓачот, како и предмети погодни за нанесување телесна повреда кога тие се носат на јавни собири, локали и слични места;

„Електрични парализатори“ се направи создадени за вршење напад или одбрана, кои под дејство на електрицитет или висок напон, предизвикуваат електрични шокови, што го онеспособуваат лицето, врз кое е употребена направата;

„Оружје за индустриски цели“ е оружје наменето за индустриска или техничка употреба, под услов да може да се користи само за тие употреби;

„Ловечко оружје“ е огнено оружје од Б категорија, со кое е дозволен лов согласно со прописите за ловство;

„Спортско оружје“ е огнено оружје од Б и Ц категорија, кое согласно посебни прописи се користи во спортски дисциплини;

„Колекционерско оружје“ е оригинално оружје од Б и Ц категорија, кое е конструирано во период од 1898 до 1945 година и потекнува од значајни историски настани;

„Оружје за самозаштита“ е еднострелно, полуавтоматско или репетирачко огнено оружје од Б категорија, со калибар поголем од 5,6 милиметри, кое служи за заштита на животот на сопственикот на оружјето и за обезбедување на лица и имот;

„Старинско оружје“ е ладно оружје и огнено оружје што употребувало црн барут, конструирани пред 1898 година и кои имаат историска, антикварна, музејска или уметничка вредност, а кои повеќе не се во употреба и за кои има издадено потврда од страна на Националната установа Музеј на Македонија-Скопје;

„Реплика на старинско оружје“ е копија на старинско оружје (кусо или долго огнено оружје), кое се полни со црн барут од устата на цевката на оружјето и се пали со фитил, кремен или каписла;

„Декоративно оружје“ се предмети кои се направени за декоративна намена и кои не можат да се употребат како огнено оружје;

„Оружје што е трајно онеспособено за употреба (деактивирано)“ е огнено оружје од Б и Ц категорија, кое целосно ги изгубило карактеристиките на оружје, со извршување на техничка постапка врз сите главни делови од огненото оружје, по што делот повеќе не може да се отстрани, замени или преправи, а со тоа оружјето е трајно онеспособено за натамошна негова употреба;

„Оружје што е привремено блокирано за употреба“ е огнено оружје од Б и Ц категорија, кое со извршување на техничка постапка врз еден од главните делови од огненото оружје е привремено онеспособено за функционирање;

“Имитација на оружје“ се предмети кои по надворешниот изглед наликуваат на оружје, но кои не можат да се употребат како огнено оружје;

„Главни делови на огненото оружје“ се цевката, рамот, сандакот, без оглед дали се работи за горен или за долен сандак, ако е применливо, лизгачот, цилиндарот, затворачот или затворниот блок, кои, како одделни предмети, се вклучени во категоријата огнено оружје на кое се монтирани или се планира да бидат монтирани;

„Посебна опрема за огнено оружје“ е секој механизам, што е произведен и наменет за дополнување на основниот модел на оружјето, со чија примена се зголемуваат можностите и квалитетот на употребата на оружјето, освен оптичкиот нишан;

„Оптички нишан“ е посебна опрема за оружје (кое не е наменски произведено за воена употреба), која се употребува на ловечко или спортско оружје при учество на лов или стрелаштво, а се набавува и поседува од страна на физичко лице кое е активен член на ловечко или стрелачко друштво без издадено одобрение за набавување на оружје;

„Муниција“ е цел патрон или неговите составни делови, вклучително чаурите, иницијалните团 каписли, барутното полнење, куршумите или проектилите, што се користат во огнено оружје, под услов и за тие составни делови да биде потребно одобрение;

„Боева муниција“ се сите видови куршуми, наполнети со проектил што има моќ да убие и е произведена за воена употреба;

„Муниција со панцирно-пробивен проектил што пенетрира“ е муниција наменета за воена употреба, чиј проектил содржи тврдо јадро, која преку голема брзина и облик добива голема пробивна моќ;

„Муниција со експлозивни проектили“ е муниција наменета за воена употреба, чии проектили содржат полнило што експлодира;

„Муниција со запаливи проектили“ е муниција наменета за воена употреба, чии проектили содржат хемиско соединение кое е запаливо;

“Маневарска муниција“ е муниција која содржи погонско полнење и чаура во која нема проектили;

„Муниција за алармно и сигнално оружје“ е муниција која е празна муниција што значи муниција која не исфрла проектил, туку генерира блесок и експлозивен звук. Оваа муниција, може да вклучува и солзавец;

„Муниција за зашеметување и успивање“ е муниција наменета за извршување на хумани активности, чиј проектил содржи хемиско соединение, кое предизвикува привремено успивање и онеспособување;

„Одбележувачка муниција“ е муниција наменета за воена употреба, чиј проектил содржи хемиско соединение, кое со согорување ја означува патеката на движење на проектилот;

„Муниција за гасно оружје“ е муниција која содржи хемиско полнење со иритирачки гас, кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето;

„Адаптери" се направи наменети за употреба во лов или спортско стрелаштво, кои се вметнуваат во цевката на оружјето заради промена на видот и калибарот на оружјето, со што оружјето не ја менува постојната категорија, согласно со овој закон;

„Лице" значи физичко лице, правно лице и, ако таа можност е предвидена согласно правилата на сила, здружение на лица на кое му е призната способноста за извршување на правни акти, но кое нема правен статус на правно лице;

„Посредник со оружје" е секое физичко или правно лице, што не е трговец со оружје, чија трговија или дејност целосно или делумно се состои од:

- преговарање или договарање трансакции за купување, продажба или испорака огнено оружје, главни составни делови или муниција;

- договарање пренос на огнено оружје, главни составни делови или муниција во рамките на државата, од една држава членка на ЕУ во друга држава членка на ЕУ, од државата во трета држава или од трета држава членка во државата;

„Трговец со оружје" е секое физичко или правно лице чија трговија или дејност целосно или делумно се состои од производство, трговија, размена или модификација на огнено оружје, главни делови на огнено оружје или муниција, поправка на огнено оружје или главни делови на оружје;

„Колекционер" е секое физичко или правно лице кое е посветено на собирање и конзервација на оригинално огнено оружје од Б и Ц категорија, главни делови на огненото оружје и муниција, за историски, културни, научни, технички и образовни цели;

„Цивилни стрелишта" се објекти наменети за спортско-рекреативни вежби во гаѓање, како и за практично оспособување за ракување со оружје, кои исполнуваат технички и безбедносни услови за употреба на огнено, ловечко или спортско оружје;

„Музеј" е постојана институција во служба на општеството и неговиот развој, отворена за јавноста, во која се набавува, конзервира, истражува и изложува огнено оружје, главни составни делови или муниција за историски, културни, научни, технички и образовни цели, рекреативни цели или со цел зачувување наследство, и која засегнатата земја членка ја признава како таква;

„Следење на оружје" е преземање на активности за следење на огненото оружје, негови главни делови и муниција од производителот до купувачот заради откривање, истраги и анализирање на недозволеното производство и недозволената трговија на огненото оружје;

„Производство на оружје, главни делови и муниција" е секоја активност на истражување, испитување, развој, изработување, доработка и склопување на делови на оружје и муниција, освен активностите извршени од страна на сопственикот на ловечкото или спортското оружје, заради полнење на муниција за сопствени потреби, што се користи при употреба на ловечкото или спортското оружје;

„Недозволено производство на огнено оружје, главни делови на огнено оружје и муниција, е секое производство или склопување на огнено оружје, главни делови на огнено оружје и муниција:

- од главни делови на огнено оружје кои се набавени со недозволен промет,

- без издадено одобрение за дејност согласно одредбите од овој закон,

- кои не се означени во времето на производство или склопувањето, согласно со прописите за испитување и жигосување, односно обележување,

- кои не се испитани, жигосани односно обележани согласно прописите за испитување и жигосување, односно обележување, а се пуштени во промет;

„Поправање на оружје" е отстранување на дефекти на оружјето и замена или вградување на оригинални главни делови за оружје;

„Промет (трговија) со огнено оружје, главни делови на огнено оружје и муниција" претставува секое набавување, продажба, испорака, посредување, превоз или трансфер на огнено оружје, главни делови на огнено оружје и муниција;

„Недозволен промет (трговија) со огнено оружје, главни делови на огнено оружје и муниција" претставува секое набавување, продажба, испорака, посредување, превоз или недозволен трансфер на огнено оружје, главни делови на огнено оружје и муниција, на територијата на Република Северна Македонија, односно од или преку територијата на Република Северна Македонија, доколку пренесувањето на огненото оружје, главните делови на огненото оружје и муницијата не е дозволено од сите држави преку чија територија тоа се движи, како и набавување, продажба, испорака, превоз или трансфер на огнено оружје што не е означено согласно прописите за испитување и жигосување, односно обележување;

„Трансфер на оружје, главни делови за оружје и муниција“ претставува секоја активност преземена при увоз, извоз и транзит на однапред договорена количина на оружје, муниција и делови за оружје, меѓу трговските друштва од членот 46 став 1 и членот 52 став 1 од овој закон и трговски друштва на други држави;

„Увоз“ значи ставање на стока во слободен промет на една царинска територија од друга царинска територија или повторен увоз по привремен извоз согласно одредбите од овој закон;

„Извоз“ значи пренесување на стоки што се пуштаат од една царинска територија на царинска територија на друга трета земја, како и повторен извоз согласно одредбите од овој закон;

„Одобрение за извоз“ значи еднократно одобрение за трансфер издадено на еден конкретен извозник за една пратка на едно или повеќе видови огнено оружје, негови делови и главни делови и муниција до еден познат краен корисник или примач во трета земја;

„Реекспорт“ значи извоз на странска стока која веќе е увезена во државата од странска држава;

„Привремен увоз (за саем) значи движење на огнено оружје, главни делови, муниција и алармно и сигнално оружје кое влегува на царинското подрачје на државата и е наменето за повторен извоз во период не подолг од 24 месеци;

„Привремен извоз“ значи движење на огнено оружје, главни делови, муниција и алармно и сигнално оружје, што ја напушта царинската територија на државата и е наменето за повторен увоз во период не подолг од 24 месеци;

„Претовар“ значи транзит што вклучува физички истовар на стока од превозните средства за увоз, кој е проследен со повторно товарење, за потребите на повторниот извоз, најчесто на друго превозно средство;

„Airsoft пиштоли“ се реплика на играчки пиштоли кои се користат во Airsoft спортови. Тие се специјален тип на воздушни пиштоли со мала моќност, дизајнирани да гаѓаат неметални сферични проектили наречени „ББ“, кои обично се направени од пластика или материјали од биоразградливи смоли. Енергетските централи за пиштоли Airsoft се дизајнирани да имаат ниски енергетски рејтинзи на муцката (обично помалку од 1,5 J или 1,1 ft·lb), а пелетите имаат значително помала моќ на пенетрација и запирање од конвенционалните воздушни пиштоли и генерално се безбедни за конкурентни спортски и рекреативни цели доколку се соодветни. При употребата се носи заштитна опрема. Во зависност од дизајнерскиот механизам за погон на пелети, пиштолите Airsoft може да се категоризираат во две групи: - механички, кои се состојат од клипна воздушна пумпа со намотана пружина која е или рачно завиткана (на пр. пружини) или -автоматски, односно се циклира со електрична енергија на батерии и - пневматски, кој работи со ослободување контролирано од вентил на претходно наполнет флаширан гас како што е компримиран пропан измешан со силиконско масло (попознато како „Зелен гас“) или канистри $CO_2$ (на пр. пиштоли GBB);

„Пеинт бол“ - Пеинтбол маркер (познат како пиштол за пеинтбол, пиштол за боја или маркер) е воздушен пиштол што се користи во стрелачкиот спорт пеинтбол и главниот дел од опремата за пеинтбол. Маркерите за пеинтбол користат компримиран гас, како што е јаглерод диоксид ($CO_2$) или компримиран воздух (HPA), за да ги придвижат капсулите со гел исполнети со боја наречени топчиња за бојадисување низ бурето и брзо да удрат во целта;

„Модификација“ е процес кој вообичаено се прави со цел да се подобрат различните аспекти на перформансите на огненото оружје. Причините за модификација може да варираат од козметички до функционални и може да бидат едноставни операции што може да ги изврши сопственикот или сложени операции;

Вообичаените модификации вклучуваат:

1. Козметички и ергономски модификации со кои не се менува категоризацијата на оружјето:

- Замена или промена на рачките или кундакот,
- Промена на нишани, како што се прилагодливи железни нишани или телескопски нишан,
- Додавање или отстранување тежина за да се олесни носењето, да се промени рамнотежата или да се помогне умерено одвраќање,
- Метално гравирање или изработка на дрво по нарачка,
- Промена на металната завршница, со користење на техники како што се замаглување, галванизација или полирање;

„Конверзија“ значи конверзија на оперативниот механизам или на категоријата на оружјето:

• Конверзија од целосно автоматско до полуавтоматско оружје или од полуавтоматско во еднострелно огнено или обратно,

• Конверзија од пневматско оружје во огнено оружје, од алармно и сигнално оружје во огнено оружје,

• Употреба на пократка цевка за намалување на големината и тежината, или подолга цевка за зголемување на брзината само ако тоа не ја промени категоријата под која е регистрирана,

• Калибарски конверзии;

„Полу-произведено огнено оружје" значи огнено оружје што не е подготвено за директна употреба и има приближна форма или контура на готовото огнено оружје, и кое може да се користи само, освен во исклучителни случаи, за доработка во готовото огнено оружје;

„Полу-произведени главни делови/компоненти на огнено оружје" се оние кои не се подготвени за директна употреба и имаат приближна форма или преглед на готовата суштинска компонента и кои можат да се користат само за комплетирање во готовата суштинска компонента, освен во исклучителни случаи;

„Европска дозвола за огнено оружје" е исправа со која се докажува сопственоста и правото на користење на огненото оружје од страна на имателот на дозволата, која не се пренесува на друго лице и се носи од страна на имателот за цело време на користењето на оружјето.".

**Член 4**

Во член 4 став 2 во точката 1) по зборот „ракети" сврзникот „и" се заменува со запирка, а по зборот „лансирање" се додаваат зборовите „и други експлозивни оружја и негови делови".

Точката 8) се брише.

Точките 9), 10), 11) и 12) стануваат точки 8), 9), 10) и 11).

Во точката 13) која станува точка 12) по зборот „промет" се додаваат зборовите „или произведени без дозвола".

Во точката 14) која станува точка 13) сврзникот „и" на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 15) која станува точка 14) точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат пет нови точки 15), 16), 17), 18) и 19), кои гласат:

„15) автоматско оружје преправено во полуавтоматско оружје;

16) полуавтоматско огнено оружје со централно палење:

а) кусо огнено оружје што овозможува испалување на повеќе од 21 куршум без повторно полнење, ако:

- магацин со капацитет од над 20 куршуми е дел од тоа огнено оружје; или

- во него се вметнува магацин што се вади со капацитет од над 20 куршуми;

б) долго огнено оружје што овозможува испалување на повеќе од 11 куршуми без повторно полнење, ако:

- магацин со капацитет од над 10 куршуми е дел од тоа огнено оружје или

- во него се вметнува магацин што се вади со капацитет од над 10 куршуми;

17) полуавтоматско долго огнено оружје, односно огнено оружје што првично е наменето за испалување од рамото, што може да се смали до должина од помалку од 60 cm без да ја изгуби функционалноста со помош на преклоплив или телескопски кундак или со кундак што може да се извади без употреба на алати;

18) секое огнено оружје од оваа категорија преправено за да испалува ќор-фишеци, надразнувачки гасови, други активни супстанци или пиротехнички средства или преправено во парадно и акустично оружје;

19) муниција за посебна намена, која не е наменета за цивилна употреба, потврдена од форензичка лабораторија.".

Во ставот 4 во точката 1) зборовите „полуавтоматско или" се бришат.

Во точката 4) зборот „куршума" се заменува со зборовите „куршуми, во случај на огнено оружје со рабно палење или повеќе од три, но помалку од 12 куршуми во случај на огнено оружје со централно палење".

Точките 5), 6) и 7) се заменуваат со нови точки 5), 6) и 7), кои гласат:

„5) „полуавтоматско кусо огнено оружје, освен оние наведени во точка 16 точка а) од категоријата А;

6) полуавтоматско долго огнено оружје наведено во точка 16 точка б) од категоријата А, чијшто магацин и лежиште на куршуми заедно не можат да соберат повеќе од три куршуми, ако магацинот

може да се вади или ако не е сигурно дали оружјето може да се преправи, со обични алати, во оружје чијшто магацин и лежиште на куршуми заедно можат да соберат повеќе од три куршуми;

7) репетирачко и полуавтоматско долго огнено оружје, со нежлебена цевка со должина до 60 см;".

По точката 7) се додаваат 11 нови точки 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17) и 18), кои гласат:

„8) секое огнено оружје од оваа категорија преправено за да испалува ќор-фишеци, надразнувачки гасови, други активни супстанци или пиротехнички средства или преправено во парадно и акустично оружје;

9) полуавтоматско огнено оружје, за цивилна намена, што наликува на оружје со автоматски механизам различни од оние наведени во категорија А точки 15), 16) и 17);

10) репетирачко долго огнено оружје што не е опфатено со точката 7) од ставот 4 на овој член;

11) еднострелно долго огнено оружје со жлебена цевка;

12) полуавтоматско долго огнено оружје што не е опфатено со точките 4), 5), 6), 7) и 9) од ставот 4 на овој член;

13) еднострелно кусо огнено оружје со рабно палење со вкупна должина што не е помала од 28 см;

14) еднострелно долго огнено оружје со комбинирани цевки;

15) еднострелно долго огнено оружје со нежлебени цевки;

16) адаптери;

17) оружје со тетива и

18) оружје (кусо или долго огнено оружје), кое се полни со црн барут од устата на цевката на оружјето и се пали со фитил, кремен или каписла.".

Ставот 5 се менува и гласи:

„Категорија Ц-оружје што е потребно да се пријави и за кое се издава потврда:

1) алармно и сигнално оружје, кое се произведува согласно техничките спецификации предвидени во овој закон;

2) трајно деактивирано оружје;

3) пневматско оружје;

4) ладно оружје;

5) пеинт бол (Paint ball) и

6) аирсофт (Airsoft).".

Ставот 6 се брише.

**Член 5**

Во член 5 во ставот 1 по зборот „оружје" се додава запирка и зборовите „главни делови за оружје".

**Член 6**

Членот 6 се менува и гласи:

„Министерот за внатрешни работи поблиску ќе ги определи видовите на оружјето кои можат да се набавуваат врз основа на одобрение и за значењето на одделни видови на оружје од А и Ц категорија, согласно со категоризацијата на оружјето од членот 4 на овој закон.".

**Член 7**

Во член 7 во ставот 1 зборовите „категориите Б и Ц" се заменуваат со зборовите „категоријата Б".

Во ставот 2 буквата „Д" се заменува со буквата „Ц".

Во ставот 3 буквата „Д" се заменува со буквата „Ц".

Во ставот 5 пред зборот „делови" се додава зборот „главни".

Ставот 6 се менува и гласи:

„Физичко лице може да набавува муниција за оружје со жлебени цевки врз основа на лично поднесено барање без ограничување на количината на муницијата.".

По ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Одобрението од ставот 3 на овој член се однесува на еднократна набавка на муниција, а количината на муниција која се набавува се наведува во барањето за издавање одобрение за набавка на муниција од страна на подносителот.“.

Ставот 7 кој станува став 8 се менува и гласи:

„Физичко лице може да поседува муниција најмногу до 1200 парчиња.“.

Во ставот 8 кој станува став 9 се додава нова реченица која гласи:

„Во случај кога правното лице кое врши приватно обезбедување ќе достави доказ за потрошена количина на муниција, може да набави дополнителна количина муниција.“.

Ставот 9 кој станува став 10 се менува и гласи:

„Корисниците на дивечот на ловишта можат да набавуваат муниција за оружје со жлебени цевки со одобрение за набавка без ограничување на количината на муницијата. Во барањето за издавање одобрение за набавка на муниција подносителот ја наведува количината на муниција која се набавува.“.

По ставот 10 се додава нов став 11 кој гласи:

„ Корисниците на дивечот на ловишта можат да поседуваат муниција најмногу до 1200 парчиња.“.

**Член 8**

По членот 7 се додава нов член 7-а кој гласи:

„Член 7-а

Физичко лице кое поседува важечка дозвола за оружје регистрирано во спортско или ловечко друштво може да полни муниција за сопствени потреби.

Полнење на муниција е дозволено од страна на физички лица за сопствена употреба за лов или спорт, доколку деловите на муницијата (чаура, зрно, railcapsula и барут) се набавени од овластено правно лице за промет со огнено оружје, главни делови на огнено оружје и муниција во државата или странство.

Физичкото лице од ставот 1 на овој член може да поседува најмногу 1000 грама барут во оригинално фабричко пакување.

Муницијата наполнета за сопствени потреби, како и барутот се чуваат на начин да не бидат достапни на лица кои не се овластени за нивно поседување, заклучени и одвоени во ормар од цврст материјал, сеф или слично место на чување кое не може да се отвори со обичен алат.

Физичкото лице кое полни муниција за сопствени потреби е должно да се грижи за безбедноста и сигурноста на граѓаните и нивниот имот.

Полнењето на муниција е дозволено со машина набавена од овластено правно лице за промет со огнено оружје, главни делови на огнено оружје и муниција и за истата физичкото лице поднесува изјава до надлежниот орган дека ја поседува.“.

**Член 9**

Во член 8 во ставот 2 по зборовите „набавување на“ се додава зборот „главни“, а по зборот оружје на крајот од реченицата се додава запирка и зборовите „како и доказ за причина за набавување“.

По ставот 2 се додаваат три нови ставови 3, 4 и 5, кои гласат:

„Во случај кога се набавува главниот дел на оружјето кој е замена на оштетен главен дел, оштетениот главен дел се предава во најблиската полициска станица.

Во случај кога главниот дел кој се набавува е додаток на веќе регистрирано оружје, истиот станува дел од тоа оружје.

Физичките и правните лица кои извршиле набавка на главни делови на оружје, се должни во рок од осум дена од извршената набавка да поднесат барање за регистрација на истите до надлежниот орган.“.

Ставовите 3, 4 и 5 стануваат ставови 6, 7 и 8.

**Член 10**

Во член 9 ставот 3 се менува и гласи:

„Одобрение за набавување на оружјето од категорија Б се издава на физичко лице кое покрај условите од ставот 1 точки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член, потребно е да биде активен член на ловечко или стрелачко друштво, што се докажува со потврда.“.

Во ставот 4 зборовите „член 4 став 5 точки 7, 8 и 9“ се заменуваат со зборовите „член 4 став 4 точки 16 и 17“.

**Член 11**

Во член 12 став 1 во алинејата 1 по запирката на крајот од реченицата се додаваат зборовите „освен за кривично дело загрозување на безбедноста на сообраќајот сторено од небрежност,“.

**Член 12**

Во член 14-б во ставот 1 зборовите „кое технички го спроведува стручниот испит“ се заменуваат со зборовите „каде е извршено практичното оспособување за ракување со огнено оружје“.

Ставот 4 се менува и гласи:

„Претседателот, членовите и нивните заменици се претставници од Министерството за внатрешни работи.“.

**Член 13**

Во член 14-в ставот 4 се менува и гласи:

„Теоретскиот дел од стручниот испит се полага писмено со одговарање на определен број на прашања во вид на решавање на писмен тест.“.

**Член 14**

Членот 14-д се брише.

**Член 15**

Во член 14-ѓ се додава нов став 1, кој гласи:

„Стручниот испит го организира овластеното правно лице кое вршело практично оспособување за ракување со оружје, врз основа на закажан термин од страна на претседателот на Комисијата, за што најмалку осум дена пред одржување на испитот ги известува кандидатите.“.

Ставот 1 станува став 2.

Во ставот 2 кој станува став 3 по зборот „лица“ се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Ставот 3 станува став 4.

**Член 16**

Во член 14-ж во ставот 1 зборовите „електронски тест на компјутер“ се заменува со зборот „писмен тест“.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Прашањата содржани во тестовите за полагање на теоретскиот дел и нивните одговори се чуваат во овластеното правно лице кое го спроведува стручниот испит.“

Ставовите 4, 5, 6 и 7 се бришат.

Ставот 8 станува став 4.

**Член 17**

Членот 14-з се брише.

**Член 18**

Во член 16 ставот 2 се менува и гласи:

„Правните лица кои набавуваат оружје заради приватно обезбедување, покрај условите од ставот 1 на овој член потребно е да имаат работници кои имаат засновано работен однос во тоа правно лице и да достават доказ од Комората за приватно обезбедување за важечки легитимации и доказ за регистрирано оружје.“.

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Корисниците на дивечот на ловиштето (концесионери) кои набавуваат оружје заради обезбедување на ловиштето, покрај условите од ставот 1 на овој член, потребно е да имаат и најмалку еден работник за обезбедување (ловочувар), кој има засновано работен однос во правното лице.“.

**Член 19**

Во член 16-а во ставот 1 запирката по буквата „Б" се заменува со сврзникот „и" а зборовите „и Д" се бришат.

Во ставот 2 по зборовите „употребено за извршување на кривично дело," се додаваат зборовите „да биде во исправна состојба, да не е преправено или модифицирано,".

По ставот 2 се додаваат три нови ставови 3, 4 и 5 кои гласат:

„Физичкото, односно правното лице е должно по поднесување на барањето од ставот 1 на овој член, оружјето да го предаде на најблиската полициска станица до завршување на постапката.

Од страна на службено лице од полициската станица, оружјето се предава во организациска единица за форензички испитувања во Министерството за внатрешни работи заради утврдување на исполнетоста на условите од ставот 2 на овој член за кои е надлежна.

По завршување на постапката за испитување на оружјето надлежната организациска единица за форензички испитувања во Министерството за внатрешни работи, истото се враќа во полициската станица, од каде се известува надлежниот орган каде е поднесено барањето од ставот 1 на овој член.".

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 6 и 7.

Ставот 5 кој станува став 8 се менува и гласи:

„По правосилноста на решението со кое се одбива барањето од ставот 1 на овој член, со оружјето се постапува согласно членот 45 од овој закон."

Ставот 6 кој станува став 9 се брише.

**Член 20**

По членот 16-а се додава нов член 16-б кој гласи:

„Член 16-б

Физички, односно правни лица кои поседуваат оружје од А, Б и Ц категорија, главни делови за оружје и муниција без исправа за истите согласно одредбите од овој закон и Законот за набавување, поседување и носење на оружје („Службен весник на СРМ" број 25/72, 30/72, 18/76, 26/76, 15/83, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија" број 26/93 и 49/2003), се повикуваат доброволно да го предадат ова оружје.

Повикувањето од ставот 1 на овој член се врши од страна на надлежниот орган со јавен повик.

Физичките, односно одговорните лица во правните лица од ставот 1 на овој член, лично пријавуваат дека поседуваат оружје кое имаат намера доброволно да го предадат, во најблиската полициска станица до местото на нивното живеалиште, односно до седиштето на правното лице.

Пријавување на оружјето од ставот 1 на овој член, се врши секоја сабота во месецот во периодот од 8,00 до 16,00 часот.

По пријавувањето на оружјето се врши доброволно предавање на оружјето од ставот 1 на овој член, на начин што овластените службени лица на организациската единица на надлежниот орган вршат преземање на пријавеното оружје од местото каде што се чувало ова оружје, за што се издава потврда.

При доброволното предавање на оружјето од ставот 1 на овој член, нема да се врши идентификација и евиденција на лицата кои доброволно го предале оружјето и против истите нема да биде водена кривична постапка согласно одредбите од кривичниот законик кои се однесуваат на нелегално поседување на оружје или прекршочна постапка.

Доброволно предаденото оружје, главни делови за оружје и муниција се уништуваат од страна на Министерството за внатрешни работи.".

**Член 21**

Во членот 17 се додава нов став 1, кој гласи:

„Доколку надлежниот орган донесе решение со кое се одбива барањето за издавање на одобрение за набавување на оружје, должен е да ја образложи причината поради која е одбиено барањето за издавање на одобрението.".

Ставот 1 станува став 2.

**Член 22**

Во член 18 во ставот 2 зборовите „заради вршење на пробни испукувања" се бришат.

**Член 23**

Во член 21 ставот 1 се менува и гласи:

„Дозволата за оружје се издава со рок на важење од пет години.“.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Условите за продолжување на дозволата од членот 12 на овој закон на имателот, ги утврдува надлежниот орган по службена должност. Имателот е потребно да достави и лекарско уверение не постаро од една година според членот 11 на овој закон. Доколку во лекарското уверение здравствената способност за поседување и носење оружје е ограничена на одреден временски период дозволата се издава за периодот наведен во лекарското уверение.“.

Во ставот 6 зборовите „онеспособување (деактивирање)“ се заменуваат со зборот „блокирање“.

**Член 24**

Во член 22 во ставот 1 зборот „десет“ се заменува со зборот „пет“.

**Член 25**

Во член 23 во ставот 1 зборовите „на неопределено време“ се бришат, по зборот „членот 9“ се додаваат зборовите „став 1“.

Во ставот 2 зборот „десет“ се заменува со зборот „пет“.

**Член 26**

Во член 27 во ставот 1 зборовите „став 6 точките 1 и 2“ се заменуваат со зборовите „став 5 точките 1), 2), 3) и 4)“.

Во ставот 2 зборовите „став 6 точките 3 и 4“ се заменуваат со зборовите „став 5 точките 5) и 6)“.

**Член 27**

Во член 29 по зборовите “на оружје“ се додаваат зборовите “и главни делови за оружје од категорија Б“

**Член 28**

Во член 31 во ставот 14 по зборовите „пневматско оружје“ се додава запирка и зборовите „аирсофт и пеинтбол“, а зборовите „и оружје со тетива“ се бришат.

Во ставот 15 зборовите „оружје за светлосно - звучна сигнализација“ се заменуваат со зборовите „алармно и сигнално оружје“.

По ставот 15 се додава нов став 16, кој гласи:

„Забрането е поседување на магацини за кусо огнено оружје со жлебени цевки со повеќе од 20 куршуми и за долго огнено оружје со повеќе од 10 куршуми.“.

**Член 29**

Во член 34 во ставот 1 зборовите „2, 3 и 4“ се заменуваат со зборовите „2, 6, 7 и 8“.

**Член 30**

Во член 35 ставот 3 се брише.

Во ставот 4 кој станува став 3 зборовите „Доколку од оружјето кое е купено согласно ставовите 2 и 5 на овој член е извршено пробно испукување“ се бришат.

Ставовите 5, 6, 7 и 8 стануваат ставови 4, 5, 6 и 7.

**Член 31**

Во член 35-а во ставот 1 по зборот „вид“ се додаваат зборовите „и категорија“.

Во ставот 2 зборовите „став 2“ се бришат.

Во ставот 3 зборовите „став 2“ се бришат.

Во ставот 4 запирката по бројот „2“ се заменува со сврзникот „и“ а зборовите „и 4“ се бришат.

**Член 32**

Во член 36 во ставот 1 по зборот „оружје“ се додава запирка и зборовите „главни делови“.

**Член 33**

Во член 37 во ставот 1 по зборот „оружје“ се додава запирка и зборовите „главни делови“.

Во ставот 2 по зборот „оружјето“ се додава запирка и зборовите „главните делови“.

**Член 34**

Во член 38-а во ставот 1 запирката по буквата „Б“ се заменува со сврзникот „и“, а зборовите „и Д“ се бришат.

Ставот 2 се брише.

Ставовите 3, 4, 5 и 6 стануваат ставови 2, 3, 4 и 5.

**Член 35**

Во член 39 во ставот 1 по зборот „лицето“ се додаваат зборовите „да поведат оставинска постапка и“.

Во алинејата 1 зборот „онеспособување“ се заменува со зборот „блокирање“, а сврзникот „или“ на крајот од реченицата се заменува со запирка.

Во алинејата 2 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- оружјето на чување во правно лице кое е овластено да врши промет со оружје согласно одредбите од овој закон, за што правното лице води посебна евиденција.“

Во ставот 2 зборот „онеспособено“ се заменува со зборот „блокирано“.

Во ставот 4 зборовите „може во рок од два месеца“ се заменуваат со зборовите „е должно во рок од четири месеци“.

**Член 36**

Во член 41 во ставот 1 буквата „Д“ во насловната реченица се заменува со буквата „Ц“.

Во точката 4) сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 5) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова точка 6), која гласи:

„6) кога оружјето доброволно е предадено од сопственикот согласно членот 38-а од овој закон.“.

Во ставот 2 буквата „Д“ се заменува со буквата „Ц“.

**Член 37**

Во член 42 во ставот 1 зборовите „став 2“ се бришат.

Точката 4) се менува и гласи:

„4) има правосилно решение со кое му е одбиено барањето за продолжување на дозволата за оружје, во смисла на член 21 став 3 од овој закон и“.

Во ставот 2 по точката 1) се додава нова точка 2) која гласи:

„2) на правното лице му е донесено правосилно решение со кое се одбива барањето за продолжување на дозволата за поседување на оружје, во смисла на членот 22 од овој закон;“.

Во точката 2) која станува точка 3) зборот „кога“ се брише.

Точката 3) станува точка 4).

Во ставот 6 бројот 3 се заменува со бројот 4.

Во ставот 7 зборовите „став 1 точката 4, став 2 точката 2)“ се заменуваат со зборовите „член 41 став 1 точка 6) од овој закон, став 2 точка 3)“.

**Член 38**

Во член 44 ставот 5 се менува и гласи:

„Ако сопственикот или правното лице во рокот утврден во ставот 4 на овој член, не го продаде одземеното оружје, ќе се постапи согласно одредбата на членот 45 од овој закон.“.

Ставот 6 се брише.

Ставовите 7 и 8 стануваат ставови 6 и 7.

**Член 39**

Во член 45 по зборот „оружјето“ се додава запирка и зборовите „главните делови“.

**Член 40**

Во член 46 во ставот 1 по зборот „оружје“ се додава запирка и зборовите „главни делови“.

Ставовите 2, 3 и 4 се бришат.

Ставовите 5 и 6 стануваат ставови 2 и 3.

**Член 41**

Во член 47 ставот 1 се менува и гласи:

„Кон барањето за издавање на одобрение од членот 46 од овој закон, се приложува:

- доказ за извршен упис на  дејноста во Централен регистар;
- доказ дека правното лице нема забрана за вршење дејност;
- доказ дека не постојат безбедносни пречки за вршење на дејноста;
- доказ дека се исполнети просторните и техничките услови за производство, поправање и безбедно сместување на оружјето и муницијата, за заштита од пожар, експлозии, загадување, кражба и пристап на неовластени лица и
- доказ дека има професионален интегритет за вршење на бараната дејност.“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Одговорното лице во правното лице потребно е:

- да ги исполнува условите од член 9 став 1 точки 2 до 4 на овој закон,
- да достави доказ дека е државјанин на Република Северна Македонија,
- во моментот на поднесување на барањето да има живеалиште на територијата на Република Северна Македонија,
- да не постојат безбедносни пречки за вршење на бараната дејност во правното лице и
- да има личен и професионален интегритет за вршење на бараната дејност.“.

Во ставот 3 по зборот „условите“ зборот „од“ се брише.

Во ставот 5 по зборовите „производство на оружје“ се додава запирка и зборовите „главни делови“.

Во ставот 6 по зборовите „производство на оружје“ се додава запирка, а сврзникот „и“ се заменува со зборовите „главни делови или“.

**Член 42**

Во член 49 во ставот 3 зборовите „да го пријави оружјето заради пробни испукувања и“ се бришат.

**Член 43**

Во член 50 ставот 1 се менува и гласи:

„Со оружје, главни делови на огнено оружје и муниција во процесот на производство и поправање можат да ракуваат лица кои ги исполнуваат условите од членот 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4 и 6 од овој закон и за кои не постојат безбедносни пречки за вршење на конкретното работно место.“.

**Член 44**

Во член 51-а во ставот 4 зборовите „соодветната комисија во секторот за внатрешни работи “ се заменуваат со зборот „комисија“.

Ставот 5 се брише.

Во ставот 6 кој станува став 5 бројот „5“ се заменува со бројот „4“.

Ставовите 7, 8, 9, 10, 11 и 12 стануваат ставови 6, 7, 8, 9, 10 и 11.

**Член 45**

Во член 51-б во ставот 1 во воведната реченица зборовите „онеспособување (деактивирање)“ се заменуваат со зборот „блокирање“.

Во ставот 2 зборот „онеспособување“ се заменува со зборот „блокирање“.

Во ставот 3 зборот „онеспособување“ се заменува со зборот „блокирање“.

**Член 46**

Насловот пред членот 52 се менува и гласи:

**„VI. ПРОМЕТ (ТРГОВИЈА) СО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА И ГЛАВНИ ДЕЛОВИ ЗА ОРУЖЈЕ“**

Во ставот 1 по зборовите „муниција и“ се додава зборот „главни“.

Ставовите 3, 4 и 5 се бришат.

Ставот 6 станува став 3.

Во ставот 7 кој станува став 4 по зборовите „продаваат оружје“ се додава запирка и зборовите „главни делови“.

Во ставот 8 кој станува став 5 по зборот „оружје“ се додава запирка и зборовите „главни делови“.

Ставот 9 кој станува став 6 се менува и гласи:

„Трговските друштва можат да продаваат муниција за оружје на физички и правни лица, согласно одредбата од членот 7 од овој закон.“.

По ставот 6 се додава нов став 7 кој гласи:

„Трговските друштва можат да одбијат продажба на оружје, главни делови и муниција во случај кога постои причина за сомнителен трансфер.“.

**Член 47**

Во член 53 по зборовите „оружје, муниција и“ се додава зборот „главни“, по зборовите „огнено оружје“ се додава запирка и зборовите „главни делови на оружјето“, а зборовите „и оружје за кое е издадена потврда од член 51 –а став 4 на овој закон“ се бришат.

**Член 48**

Во член 54-а во ставот 2 зборовите „став 2 точка 1“ се заменуваат со зборовите „ставови 1 и 2“.

**Член 49**

Членот 55 се менува и гласи:

„Трансферот на оружје, главни делови за оружје и муниција преку државната граница, се врши од страна на трговските друштва кои ќе добијат одобрение од надлежен орган, врз основа на поднесено барање и тоа:

- одобрение за пренесување (трансфер) на оружје, главни делови и муниција при извоз;
- одобрение за пренесување (трансфер) на оружје, главни делови и муниција при увоз;
- одобрение за пренесување (трансфер) на оружје, главни делови и муниција при транзит.

Надлежниот орган ги презема сите потребни мерки за да се овозможи безбедноста на постапката за издавање на одобренијата од ставот 1 на овој член, како и можноста за проверка или потврда на веродостојноста на документите за одобренијата. Проверка и потврда, по потреба, може да се обезбеди и преку дипломатски пат.

Одобренијата за трансфер на оружје и главни делови за оружје од категоријата Б и муниција од ставот 1 на овој член, се издаваат по претходно прибавено мислење од Министерството за надворешни работи и Министерството за одбрана.

Барањето за издавање на одобрението од ставот 1 алинеја 1 на овој член, содржи:

- податоци за испраќачот/извозникот,
- податоци за примачот/увозникот,
- земја на поаѓање/извоз,
- земја на намена,
- сертификат за краен корисник,
- документ за договорена количина на оружје, главни делови или муниција,
- опис, односно податоци за оружјето, главните делови и муниција, категорија, вид, марка калибар, производител, адреса, град и земја на потекло).

Одобрението од ставот 1 алинеја 1 на овој член, ги содржи податоците од ставот 4 на овој член, како и референтен број на одобрението, датум и место на издавање на одобрението, рок на важење, образложение, печат и потпис на овластеното лице од надлежниот орган.

Барањето за издавање на одобрението од ставот 1 алинеја 2 на овој член, содржи:

- податоци за примачот/увозникот,

- податоци за испраќачот/извозникот,
- земја на поаѓање/извоз,
- земја на намена,
- документ за договорена количина на оружје, главни делови или муниција,
- опис, односно податоци за оружјето, главните делови и муниција, категорија, вид, марка калибар, производител, адреса, град и земја на потекло).

Одобрението од ставот 1 алинеја 2 на овој член, ги содржи податоците од барањето од ставот 6 на овој член, како и референтен број на одобрението, датум и место на издавање на одобрението, рок на важење, образложение, печат и потпис на овластеното лице од надлежниот орган.

Барањето за издавање на одобрението од ставот 1 алинеја 3 на овој член, содржи:
- податоци за генералниот застапник кој го врши пренесувањето (трансферот),
- земја на поаѓање/извоз,
- земја на намена/увоз,
- податоци за испраќачот/извозникот и примачот/увозникот помеѓу кои се врши пренесувањето (трансферот),
- договор или друг документ за договорена количина,
- опис, односно податоци за оружјето, главните делови и муниција, категорија, вид, марка калибар, производител, фабрички број, адреса, град и земја на потекло).

Одобрението од ставот 1 алинеја 3 од овој член ги содржи податоците од барањето од ставот 8 на овој член, како и референтен број на одобрението, датум и место на издавање на одобрението, рок на важење, образложение, печат и потпис на овластеното лице од надлежниот орган.

Пред издавање на одобрението од ставот 1 алинеја 1 на овој член потребно е третите земји на транзит, доколку ги има, да издале писмено известување најдоцна пред отпремата на пратката, дека немаат никаков приговор за транзитот.

Ставот 10 на овој член не се применува:
- на пратки преку море или воздух и преку пристаништа или аеродроми на трети земји под услов да нема претовар или промена на превозното средство;
- во случај на привремен извоз за законски цели кои може да се проверат, а кои вклучуваат лов, спортско стрелаштво, стручна проценка, изложби без продажба и поправка.

Надлежниот орган одлучува при барање за транзит од трета земја во рок од 20 дена од денот на поднесување на барањето.

Во случај кога се спроведува транзит преку трета земја, барањето ќе се смета дека е одобрено ако третата земја не достави одговор во рок од 20 дена од денот на поднесување на барањето до истата.

Во случај на сомневање, надлежниот орган бара од третата земја увозничка да го потврди приемот на испратената пратка на огнено оружје, главни делови и главни компоненти или муниција.

Одобренијата од ставот 1 на овој член,, се издаваат во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето, а во исклучителни околности или оправдани причини рокот може да се продолжи најмногу до 90 дена.

Одобрението од ставот 1 алинеја 1 на овој член се издава со рок на важење од максимум една година, но не подолго од рокот на важење на увозната дозвола. Доколку увозната дозвола нема рок на важење, рокот на важност на извозната дозвола нема да биде подолг од девет месеци.

Одобренијата од ставот 1 алинеи 1 и 2 од овој член се издаваат со рок на важење од максимум една година.

Одобренијата од ставот 1 на овој член, престануваат да важат ако се преземат рестриктивни мерки во согласност со прописите за меѓународни рестриктивни мерки.

Ако надлежниот орган по издавањето одобрението за извоз утврди дека условите за неговото издавање не се исполнети или повеќе не се исполнети, истото може да го поништи, привремено да го запре, да го измени или да го повлече.

Барањата од ставовите 4, 6 и 8 на овој член и одобренијата од ставовите 5, 7 и 9 на овој член, се поднесуваат односно издаваат и во електронска форма.

Против решението со кое се одбива барање за издавање на одобрението од ставот 1 на овој член, трговските друштва од ставот 1 на овој член, имаат право на жалба до Комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.“.

**Член 50**

По членот 55 се додаваат два нови члена 55-а и 55-б, кои гласат:

„Член 55-а

Трговските друштва за промет со оружје, можат да увезат оружје со цел изложување на нови производи, производи за поправка, при што оружјето нема да биде продадено, односно ќе остане во сопственост на увозникот.

Трговското друштво од ставот 1 на овој член, може да добие одобрение за извоз – реекспорт под олеснителни околности без доставување на документ за краен корисник, наведувајќи ја причината.

Член 55-б

По поднесено барање за издавање одобрение за увоз на алармно - сигнално оружје, трговското друштво доставува технички спецификации за оружјето за кое се бара увоз.

По извршениот увоз трговското друштво е должно во рок од три дена да го извести надлежниот орган во Министерството за внатрешни работи за внес на оружјето.

Министерот за внатрешни работи формира Комисија за проверка на техничките спецификации на оружјето, со цел да се утврди дали алармно - сигналното оружје е произведено согласно доставената техничка спецификација.

Комисијата од ставот 3 на овој член, е составена од претседател и двајца членови од Министерството за внатрешни работи од кои:

- едно е стручно лице со познавања на карактеристиките на оружјето (пушкар) и едно лице е од надлежната организациска единица за криминалистичко – технички испитувања и вештачења

Комисијата од ставот 3 на овој член, во рок од пет дена утврдува дали постои усогласеност со техничката спецификација и издава потврда за согласност согласно пакинг листа.

Министерот за внатрешни работи со подзаконски акт ќе ги регулира потребните технички спецификации за алармно - сигнално оружје и формата и изгледот на потврдата за согласност од ставот 5 на овој член.

Министерството за внатрешни работи ќе соработува со други држави со цел размена на информации за резултатите од проверките спроведени согласно овој член.“.

**Член 51**

Во насловот на глава VII по зборот „оружје“ се додава запирка и зборовите „главни делови за оружје“.

**Член 52**

Во член 58 ставот 1 се брише.

Ставовите 2, 3, 4, 5 и 6 стануваат ставови 1, 2, 3, 4 и 5.

**Член 53**

Во член 58-а во ставот 1 бројот 2 се заменува со бројот 1.

**Член 54**

Во член 59 во ставовите 3 и 4 бројот 2 се заменува со бројот 1.

**Член 55**

По членот 60 се додава нов член 60-а кој гласи:

**„Член 60 – а**

Доколку кај правните лица од членовите 46, 52, 56 и 58 од овој закон настане промена во однос на основачот, називот, одговорното лице во правното лице или вработените лица кои ракуваат со оружје, главни делови на оружје и муниција, должни се во рок од осум дена од денот на настанатата промена за истата да го известат Министерството за внатрешни работи.

Во случај на настаната промена на називот, Министерството за внатрешни работи во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето од ставот 1 на овој член, издава ново одобрение со новиот назив на правното лице.“.

**Член 56**

Во насловот пред членот 61 по зборот оружје се додава запирка и зборовите „главни делови“.

Во членот 61 зборовите „оружје и муниција“ се заменуваат со зборовите „оружје, главни делови и муниција“, а зборовите „оружјето и муницијата“ се заменуваат со зборовите „оружјето, главните делови и муницијата“.

**Член 57**

Во член 64 во ставот 3 по зборот „држава“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

**Член 58**

Во член 67 ставот 3 се менува и гласи:

„Странците од ставот 1 на овој член, можат да внесат во Република Северна Македонија муниција за ловечко оружје најмногу до 800 куршуми и муниција за спортско оружје најмногу до 1200 куршуми.“.

**Член 59**

Во член 68 ставот 1 се менува и гласи:

„Членовите на стрелачки или ловечки организации кои групно или поединечно патуваат во странство заради учество на стрелачки натпревари или ловни активности односно заради подготовки за такви натпревари или ловни активности, можат преку државната граница да пренесуваат оружје, главни делови на огнено оружје и муниција за тие потреби врз основа на одобрение од надлежниот орган.“.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Членовите на наведените организации од ставот 1 на овој член, можат да носат едно или повеќе оружја, главни делови на огнено оружје кои се обележани и муниција за истите најмногу до 800 куршуми за ловечко оружје и најмногу 1200 парчиња муниција за спортско оружје.“.

Ставовите 3, 4 и 5 стануваат ставови 4, 5 и 6.

**Член 60**

По членот 68 се додава нов член 68-а кој гласи:

„Член 68-а

Оружјето, главните делови и муницијата внесени во државата или изнесени надвор од државата од страна на ловци и спортски стрелци заради вршење на спорт или лов, истото не можат да го отуѓат.“.

**Член 61**

Членот 70 се менува и гласи:

„Со оружјето, главните делови за оружје и муниција, што се запленети од царинските органи во државата, се постапува согласно членот 45 од овој закон.“.

**Член 62**

Во член 72 во ставот 6 зборовите „ставови 4, 5 и 6“ се заменуваат со зборовите „ставови 4 и 5“.

Во ставот 7 бројот 3 се заменува со бројот 2.

**Член 63**

Во член 75 по ставот 2 се додаваат два нови ставови 3 и 4, кои гласат:

„Евиденциите од ставот 1 на овој член, се чуваат 30 години по уништување на оружјето и истите податоци треба да бидат достапни на Царинската управа во период од 10 години од уништувањето на оружјето и на надлежните институции за превенција, истрага, детекција, обвинителство за период од 30 години по уништување на оружјето или главен дел на оружјето.

Надлежниот орган е должен да ги уништи личните податоци по предвидениот рок од ставот 3 на овој член, во согласност со Законот за заштита на личните податоци.“.

**Член 64**

Во член 78 во ставот 4 по зборот „оружје“ се додава запирка и зборовите „главни делови“.

Во ставот 6 по зборот „оружје“ се додава запирка и зборовите „главни делови“.

Ставот 7 се менува и гласи:

„Надлежниот орган го задолжува трговското друштво да ги продаде оружјето, главните делови и муницијата од ставот 6 на овој член, на правно лице што се занимава со промет на оружје и муниција или на физички лица кои имаат одобрение за набавување на оружје, во рок од три месеци од правосилноста на решението со кое му е одземено овластувањето.“.

Ставот 8 се менува и гласи:

„Доколку трговското друштво не постапи согласно ставот 7 на овој член во предвидениот рок, со оружјето, главните делови и муницијата се постапува согласно членот 45 од овој закон.“.

**Член 65**

Во член 79 во ставот 1 по зборот „оружје“ се додава запирка и зборовите „главни делови“.

Во ставот 2 по зборовите „муниција и“ се додава зборот „главни“.

**Член 66**

Членот 80 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице кое:

1) Поседува, носи или користи оружје без важечка дозвола, односно потврда согласно одредбите овој закон;
2) набавува, поседува, произведува, поправа, онеспособува, продава, разменува, пренесува или дава на друг, оружје, делови на оружје и електрични парализатори од член 2 став 2 од овој закон, спротивно на одредбите од овој закон;
3) набавува главни делови за оружје на начин спротивен на одредбите од членот 7 став 2 од овој закон;
4) набавува муниција со нежлебени цевки на начин спротивен на член 7 став 4 од овој закон.
5) набавува муниција за оружје со жлебени цевки спротивно на членот 7 ставови 6 и 7 од овој закон;
6) поседува муниција во количина поголема од утврдената во членот 7 став 8 од овој закон;
7) постапува на начин спротивен на одредбата од член 7-а од овој закон;
8) постапува спротивно на одредбите од член 8 ставови 3 и 5 од овој закон;
9) постапува на начин спротивен на одредбата од член 16-а став 3 од овој закон;
10) во пропишаниот рок нема да поднесе барање за регистрација на оружјето и издавање дозвола за оружје до надлежниот орган (член 18 став 1);
11) во пропишаниот рок нема да поднесе барање за продолжување на дозволата за оружје ( член 21 став 2)
12) носи и употребува оружје за кое му е издадена потврда за поседување на оружје согласно со членот 21 став 5 на овој закон;
13) го носи оружјето на начин спротивен на одредбите на членот 24 од овој закон;
14) нема потврда за пренесување на оружјето од магацинот за оружје на стрелачкото друштво до стрелиштето или теренот определен за тоа, како и во обратен правец (член 26 став 2);
15) набавува колекционерско оружје на начин спротивен на одредбите на членот 26-а на овој закон;
16) во пропишаниот рок нема да го пријави набавеното оружје од Ц категорија, односно поседува оружје од Ц категорија за кое не е издадена потврда од надлежниот орган (член 27 став 3);
17) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 28 од овој закон;
18) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 29 од овој закон;
19) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 30 од овој закон;
20) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 31 од овој закон;
21) не ја носи дозволата за оружје, односно дозволата за носење оружје и нема да ја покаже дозволата за оружје, односно дозволата за носење на оружје на барање на овластено службено лице на надлежниот орган (член 32);
22) чува оружје на начин спротивен на одредбите на членот 33 став 1 од овој закон;
23) во пропишаниот рок нема да поднесе барање за регистрирање на оружјето (член 35 став 3);
24) во пропишаниот рок нема да пријави исчезнување, губење или кражба на оружје, главни делови или муниција, на одобрението за набавување на оружје, дозволата за оружје или дозволата за

носење на оружје, одобрение за набавување на колекционерско оружје и дозвола за колекционерско оружје (член 36);

25) при промена на живеалиштето или престојувалиштето во пропишаниот рок нема да го пријави оружјето на надлежниот орган на чие подрачје е новото живеалиште или престојувалиште (член 38);

26) во случај на смрт на сопственикот на оружјето не постапи согласно одредбите од членот 39 став 1 од овој закон;

27) во пропишаниот рок нема да поднесе барање за регистрирање на поправените главни делови на огненото оружје (член 49 став 3);

28) постапува спротивно на одредбите на членот 51-а став 4 од овој закон;

29) при гаѓање на цивилни стрелишта не носи заштитни очила и штитници за уши (член 59 став 2);

30) гаѓа на цивилно стрелиште во отсуство на претставник на правното лице (член 59 став 4);

31) лицето кое при преминувањето на државната граница нема да ги пријави на надлежен орган оружјето, главните делови и муницијата што ги носи со себе (членови 61 став 2, 63 и 67);

32) нема да го изнесе оружјето надвор од границите на Република Северна Македонија, при првото напуштање на територијата на државата (член 62 став 3);

33) без одобрение изнесува од Република Северна Македонија оружје и муниција кога за изнесувањето на оружјето и муницијата е потребно одобрение (членови 63 и 65);

34) нема да пријави оружје кое има намера да го внесе во Република Северна Македонија (член 64 став 1);

35) во пропишаниот рок нема да поднесе барање за заменување на дозволата за оружје издадена од надлежен орган на друга држава (член 64 став 3);

36) во пропишаниот рок нема да го изнесе оружјето надвор од територијата на Република Северна Македонија (член 64 став 5);

37) постапува спротивно на одредбите на членот 65 од овој закон;

38) постапува спротивно на одредбите на членот 68-а од овој закон;

39) ќе пренесе или ќе се обиде да пренесе оружје или муниција преку граничен премин отворен за погра ничен сообраќај, освен ако тоа е определено со меѓународен договор (член 71) и

40) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 78 став 2 од овој закон.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на оружјето, главните делови и муницијата, освен за прекршоците од точките 14, 21, 22, 24, 25, 27, 28, 29, 30 и 40.“.

**Член 67**

Членот 81 се брише.

**Член 68**

Членот 82 се менува и гласи:

„Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на правното лице кое:

**1)** поседува, носи или користи оружје без важечка дозвола, односно потврда согласно одредбите овој закон;

**2)** поседува муниција во количина поголема од утврдената во членот 7 ставови 9 и 11 од овој закон;

**3)** постапува на начин спротивен на одредбата од член 8 став 5 од овој закон;

**4)** нема да издаде потврда за практично оспособување за ракување со оружје на физичките лица, баратели на одобрението за набавување на оружје (член 14 став 6);

**5)** постапува на начин спротивен на одредбата од член 14-а од овој закон;

**6)** постапува на начин спротивен на одредбата од член 16-а став 3 од овој закон;

**7)** постапува на начин спротивен на одредбата од член 18 од овој закон;

**8)** во пропишаниот рок нема да поднесе барање за продолжување на дозволата за поседување на оружје (член 22 став 2)

**9)** во пропишаниот рок нема да го извести надлежниот орган (член 23 став 6);

**10)** издава потврда со која се доверува ловечко оружје за еднодневен лов на подрачјето на ловиштето на лице кое не е активен член на ловечко друштво (член 25);

**11)** дава на употреба оружје на лица кои поседуваат дозвола за оружјето, но не се активни членови на стрелачки друштва, односно нема да издаде потврда за пренесување на оружјето од магацинот за оружје на стрелачкото друштво до стрелиштето, како и во обратен правец (член 26);

**12)** врши продажба на оружје од Ц категорија на лице кое не го исполнува условот од членот 9 став 1 точка 1 на овој закон (член 27 став 1);

**13)** во пропишаниот рок нема да го пријави набавеното оружје од Ц категорија, односно поседува оружје од Ц категорија за кое не е издадена потврда од надлежниот орган (член 27 став 3);

**14)** постапува на начин спротивен на одредбите на членот 28 од овој закон;

**15)** ќе продаде или даде на употреба оружје, главни делови за оружје од категорија Б или муниција на лице кое нема одобрение за набавување, односно кое нема дозвола за оружје или дозвола за носење на оружје (член 29);

**16)** чува оружје на начин спротивен на одредбите на членот 33 став 2 од овој закон**;**

**17)** го чува оружјето на начин спротивен на одредбите на членот 34 од овој закон;

**18)** во пропишаниот рок нема да поднесе барање за регистрирање на оружјето (член 35 став 3);

**19)** во пропишаниот рок нема да пријави исчезнување, губење или кражба на оружје, главни делови или муниција, на одобрението за набавување на оружје, дозволата за оружје или дозволата за носење на оружје (член 36);

**20)** при промена на седиштето во пропишаниот рок нема да го пријави оружјето на надлежниот орган на чие подрачје е новото седиште (член 38);

**21)** во пропишаниот рок од започнувањето со производството на оружје и муниција, односно поправање на оружје не го извести Министерството за внатрешни работи (член 47 став 6);

**22)** постапува на начин спротивен на одредбата од член 48-а од овој закон;

**23)** постапува на начин спротивен на одредбите од член 49 од овој закон;

**24)** просториите во кои е сместено оружјето и муницијата не ги обезбедило од пристап на неовластени лица со постојана физичко-техничка заштита (член 50 став 2);

**25)** оружјето што го примило за поправање било изнесено од работната просторија (член 51 став 1);

**26)** не издава потврда за извршена техничка постапка за трајно онеспособување на оружјето (член 51-а став 3);

**27)** не издадат потврда за извршена техничка постапка за привремено блокирање на оружјето согласно одредбата од член 51-б став 3 од овој закон;

**28)** постапува на начин спротивен на одредбите на членот 52 од овој закон;

**29)** пушта во промет оружје, муниција и главни делови на оружје кои не се обележани, испитани, жигосани, односно обележани согласно прописите за испитување и жигосување, односно обележување на рачното огнено оружје, главни делови на оружјето и муниција (член 53);

**30)** постапува на начин спротивен на одредбите на членот 55 од овој закон;

**31)** постапува на начин спротивен на одредбите на членот 55-а од овој закон;

**32)** во пропишаниот рок по извршен увоз не го извести надлежниот орган во Министерството за внатрешни работи за внес на оружјето (член 55-б став 2);

**33)** ќе превезе оружје и муниција без одобрение или спротивно на налозите за преземање на посебни мерки за обезбедување на превозот, како и во пропишаниот рок не го извести надлежниот орган за извршениот превоз на оружје, муниција и главни делови за оружје (член 56 ставови 1, 5 и 7);

**34)** во пропишаниот рок не го извести надлежниот орган за извршениот превоз на оружје, муниција и главни делови за оружје (член 56-а став 7);

**35)** постапува спротивно на одредбите на членот 58-а од овој закон;

**36)** не презело соодветни мерки за надминување на штетите од нестручното изведување на гаѓањето на цивилното стрелиште (член 59 став 5);

**37)** постапува спротивно на одредбите на членот 59-а од овој закон;

**38)** постапува спротивно на одредбата на членот 60-а став 1 од овој закон;

**39)** постапува спротивно на одредбите на членот 65 став 3 од овој закон;

**40)** не води евиденција согласно со одредбите од членот 76 на овој закон;

**41)** постапува спротивно на одредбите од членот 78 став 2 на овој закон во пропишаниот рок не постапки согласно одредбата од член 78 став 7 на овој закон.

Глоба во износ 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот 1 точките 4, 7, 9, 10, 11, 14, 15, 17, 18, 19, 20, 22, 23, 24, 25, 33, 34, 36 и 40 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

За прекршокот од ставот 1 точки 1, 2, 3, 7, 12, 15, 22, 23 и 26 на овој член, ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на оружјето, главните делови и муницијата.

За прекршокот од ставот 1 точки 14, 15, 17, 22, 23, 24, 25, 26 и 28 на овој член, ќе се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на производство, поправање, промет или превоз на оружје, главни делови и муниција, во траење од најмалку три месеци до две години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.".

**Член 69**

Членот 83 се брише.

**Член 70**

Членот 83-а се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице кои постапува спротивно на одредбите на членовите 34 и 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија" бр.97/18).

**Член 71**

Членот 83-б се менува и гласи:

„Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на правното лице кое постапува спротивно на одредбите на членовите 34 и 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија" бр.97/18).

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 72**

Во членот 83-д ставовите 1, 2 и 5 се бришат.

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 1 и 2.

**Член 73**

Доколку согласно категоризацијата на оружјето предвидена со овој закон постои оружје од А категорија, кое согласно претходната категоризација било во Б или Ц категорија, потребно е граѓаните во рок од шест месеци да извршат блокирање на магацините на оружјето до максимум 10 куршуми за полуавтоматско долго огнено оружје со жлебени цевки и до максимум 20 куршуми за полуавтоматско кусо огнено оружје со жлебени цевки, како и да поднесат барање за пререгистрација на наведеното оружје.

**Член 74**

Барањето од член 16-а став 1 од Законот за оружјето може да се поднесе најдоцна во рок од две години од денот на отпочнување на примената на овој закон.

**Член 75**

Постапувањето по членот 21 од овој закон со кој се додава нов член 16-б, е во рок од две години од денот на отпочнување на примената на овој закон.

**Член 76**

Постапките за издавање на одобрение за набавување на оружје започнати до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе се завршат согласно со одредбите на Законот за оружјето

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 72/10, 158/11, 119/13, 164/13, 152/15, 193/15, 55/16 и 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/22).

**Член 77**

Правилникот за обрасците за оружјето и муницијата и за начинот на водење на евиденции на оружје и муниција и Правилникот за начинот на пренесување на оружје и муниција преку државната граница ќе се усогласат со овој закон во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

**Член 78**

Подзаконскиот акт предвиден во членот 6 од Законот за оружјето и подзаконскиот акт предвиден во членот 50 од овој закон со кој се додава нов член 55-б, ќе се донесат во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

**Член 79**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува по шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 72/10, 158/11, 119/13, 164/13, 152/15, 193/15, 55/16 и 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/22) се уредуваат условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, онеспособување (деактивирање), промет, превоз и пренесување преку државната граница на оружје и муниција, а определено е дека одредбите на овој закон нема да се применуваат на вооружувањето и воената опрема, како и на оружјето и муницијата наменети за

потребите на Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, казнено-поправните установи и другите државни органи и правни лица утврдени со посебни прописи.

Поаѓајќи од потребата за усогласување со европската регулатива од предметната област, како и потребите на стручните служби во Министерството за внатрешни работи произлезени од практичната имплементација на Законот за оружјето, а воедно и барањата од страна на Комората на Република Македонија за приватно обезбедување, Стопанската комора на Македонија - Групација за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена, Ловечка федерација на Македонија и Македонска спортска стрелачка федерација се утврди потребата од ревидирање на одредбите од Законот за оружјето, а во насока на подобрување на правната рамка за постапување со граѓанското оружје.

Имено, со предложените изменувања и дополнувања на законот се врши ревидирање и уредување на определени состојби, со цел транспонирање на:

- Директивата (ЕУ) 2021/555 на Европскиот парламент и на Советот од 24 март 2021 година за контрола на набавувањето и поседувањето оружје (кодифициран текст);
- Директива за спроведување (ЕУ) бр.2019/69 на Комисијата од 16 јануари 2019 година за утврдување технички спецификации на оружје за предупредување и сигнализација во согласност со Директивата 91/477/ЕЕЗ на Советот за контрола на набавување и поседување оружје и
- Регулатива (ЕУ) бр.258/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 14 март 2012 година за спроведување на член 10 од Протоколот на Обединетите нации против незаконско производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, со кој се надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал („Протокол на ОН за огнено оружје“) и за утврдување на дозвола за извоз и мерки за увоз и транзит на огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција.

Со оглед на горенаведеното, со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето најпрво се врши ревидирање на членот 3 од законот кој се однесува на дефинирањето на изразите кои се употребуваат во законот, со цел усогласување со дефинициите утврдени со европската регулатива од областа на оружјето.

Со предложените измени и дополнувања во членот 4 се врши целосно ревидирање на категоризацијата на оружјето во насока на усогласување со Директивата (ЕУ) 2021/555 на Европскиот парламент и на Советот од 24 март 2021 година за контрола на набавувањето и поседувањето оружје (кодифициран текст), при што во оружјето од А категорија е оружјето кое е забрането за употреба, во категорија Б предвидено оружјето што може да се набавува врз основа на одобрение, додека постоечката Д категорија на оружје се брише, односно оружјето кое е потребно да се пријави и за кое се издава потврда е ставено во Ц категорија. Согласно извршеното ревидирање на категоризацијата на оружјето, соодветно е извршена и интервенција во сите одредби од законот, каде се спомнува одредена категорија оружје.

Со предложените измени се врши интервенција во членот 7 од законот, во делот каде е уредена набавката на муниција за оружје со жлебени цевки од страна на физички лица. Во овој дел се предвидува набавка на муниција за оружје со жлебени цевки врз основа на одобрение за набавување на муниција без ограничување на количината на муницијата, при што е утврдено дека одобрението се однесува на еднократна набавка на муниција, а количината на муниција која се набавува се наведува во барањето за издавање одобрение за набавка на муниција од страна на подносителот. Понатаму, со членот 7 од предложениот закон се додава нов член 7-а во кој се регулира можноста за физички лица да полнат муниција за сопствена употреба за лов или спорт, со утврдени услови и околности под кои истото може да се прави.

Со предложениот закон извршено е ревидирање на членовите 14-б, 14-в, 14-ѓ, 14-ж и 14-з, кои се однесуваат на спроведување на стручен испит кој е дел од практичното оспособување за ракување со огнено оружје. Имено, теоретскиот дел од стручниот испит согласно досегашната регулатива се полага електронски во надворешно правно лице, а со предложените измени се предвидува полагање во овластеното правно лице каде е извршено практичното оспособување за ракување со огнено оружје и истото ќе се спроведе со решавање на писмен тест. Со оглед на фактот дека се предлага укинување на електронското полагање, во комисијата пред која се полага стручниот испит, нема да им потреба од информатичар, ниту член од правното лице каде подносителот на барањето на набавка на оружје бил на

обука, така што се предлага комисијата да биде составена само од претставници од Министерството за внатрешни работи.

Со член 19 од Предлог-законот се врши изменување на постојниот член 16-а од Законот со цел усогласување со новата категоризација на оружјето, како и уредување на постапката за легализација на оружјето, каде дополнително се предвидува оружјето кое се легализира да се испитува од страна на надлежна организациска единици во Министерството за внатрешни работи за форензички испитувања, со цел да се утврди дали оружјето било употребено за извршување кривично дело, дали е преправено или модифицирано.

Со членот 20 од предложениот закон се додава нов член 16-б со кој се регулира можноста за физичките, односно правните лица кои поседуваат оружје од А, Б и Ц категорија, главни делови и муниција доброволно да го предадат истото во полициска станица. Така, сопствениците кои не сакаат поради одредени оправдани лични причини да го поседуваат и чуваат оружјето, ќе можат доброволно да го предадат истото, при што за доброволно предаденото оружје, главни делови на оружје и муниција се предвидува уништување од страна на Министерството за внатрешни работи.

Понатаму, во насока на усогласување со европската регулатива, се врши интервенција во членовите 21 и 23 од законот, на начин што се предвидува дозволата за оружје да се издава со рок на важење од пет години, наместо досегашните десет. Воедно, се предвидува дека доколку во лекарското уверение здравствената способност за поседување и носење оружје е ограничена на одреден временски период дозволата се издава за периодот наведен во лекарското уверение. Воедначена измена е предложена и во членовите 22 и 23 од законот, каде исто така се предлага издавање на дозволата за поседување на оружје на правното лице со рок на важење од пет години, како и дозвола за носење на оружје со ист рок на важење.

Со членовите од 26 до 36 од предложениот закон се врши интервенција во конкретни одредби од Законот за оружјето во насока на нормативно правно уредување на одредбите, како и надминување на определени практични проблеми при примената на конкретни одредби од законот.

Со членот 37 од предложениот закон се врши интервенција во членот 42 од Законот за оружјето, така што во ставот 1 кој предвидува одземање на дозволата за оружје, дозволата за колекционерско оружје односно дозволата за носење на оружје и потврдата од членот 27, точката 4 се заменува со нова точка која претставува еден од основите за одземање на дозволата. Така, се предвидува лицето да има правосилно решение со кое му е одбиено барањето за продолжување на дозволата за оружје, во смисла на членот 21 став 3 од законот. Аналогно на оваа измена се врши додавање и на нова точка во ставот 2 од членот 42, каде како основ за одземање на дозволата за поседување оружје на правните лица се предвидува да е донесено правосилно решение со кое се одбива барањето за продолжување на дозволата за поседување на оружје, во смисла на членот 22 од законот.

Со членот 38 се врши измена на ставот 5 од членот 44 од законот, односно наместо досегашното решение за продажба на оружјето по пат на јавно наддавање од страна на надлежен орган, во случај сопственикот на оружјето или правното лице не го продадат одземеното оружје и муниција, се предвидува да се постапи согласно одредбата од членот 45 од законот, во која одредба е предвидено дека со оружјето, главните делови и муницијата одземени во кривична и прекршочна постапка се постапува согласно посебен закон.

Во член 47 се врши интервенција во ставот 1, на начин што се врши усогласување со одредбите од Регулатива (ЕУ) бр.258/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 14 март 2012 година за спроведување на член 10 од Протоколот на Обединетите нации против незаконско производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, со кој се надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал („Протокол на ОН за огнено оружје“) и за утврдување на дозвола за извоз и мерки за увоз и транзит на огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција. Предложените измени во ставовите 3, 5 и 6 од истиот член претставуваат измени од нормативно – правно уредување на одредбите.

Со членот 43 од предлог законот се врши измена на ставот 1 од членот 50 со цел усогласување со Регулатива (ЕУ) бр.258/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 14 март 2012 година, кој гласи дека со оружје, главни делови на огнено оружје и муниција во процесот на производство и поправање можат да ракуваат лица кои ги исполнуваат условите од членот 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4 и 6 од овој закон и за кои не постојат безбедносни пречки за вршење на конкретното работно место.“.

Со членот 44 се предлага измена на членот 51-а, односно во ставот 4 каде зборовите „соодветната комисија во Секторот за внатрешни работи“ се заменуваат со зборот „комисија“, во

насока на поедноставување на постапката за верификација на процесот за деактивирање на оружјето пред една комисија на ниво на Министерството за внатрешни работи.

Со предложените измени во глава VI од Законот за оружјето која се однесува на прометот со оружје, муниција и делови за оружје се врши ревидирање на конкретни одредби односно членовите 52, 53, 54-а и 55 со цел усогласување со европската регулатива со која се уредени конкретните прашања. Воедно, во истата глава со членот 50 од предложениот закон се додаваат два нови члена 55-а и 55-б во кои се регулира увозот на оружје со цел изложување нови производи или производи за поправка под олеснителни околности, како и регулирање на увозот на алармно – сигнално оружје, а се предвидува и донесување на подзаконски пропис со кој ќе се регулираат потребните технички спецификации за алармно – сигнално оружје.

Со членот 55 од предложениот закон се додава нов член 60-а со кој се определува обврска за правните лица од членовите 46, 52, 56 и 58 од овој закон доколку настане промена во однос на основачот, називот, одговорното лице во правното лице или вработените лица кои ракуваат со оружје, главни делови на оружје и муниција, во рок од осум дена од денот на настанатата промена да го известуваат Министерството за внатрешни работи.

Со членот 58 од предлогот на законот се врши ревидирање на ставот 3 од членот 67 од законот на начин што се предвидува странците од ставот 1 на овој член, да можат да внесат во Република Северна Македонија муниција за ловечко оружје најмногу до 800 куршуми и муниција за спортско оружје најмногу до 1200 куршуми. Аналогно на наведеното се врши измена и во членот 68 од предметниот закон каде во ставот 1 најпрво се утврдува дека членовите на стрелачки или ловечки организации кои групно или поединечно патуваат во странство заради учество на стрелачки натпревари или ловни активности односно заради подготовки за такви натпревари или ловни активности, можат преку државната граница да пренесуваат оружје, главни делови на огнено оружје и муниција за тие потреби врз основа на одобрение од надлежниот орган. Во ставот 2 од истиот член се определува дека членовите на наведените организации од ставот 1 на овој член, можат да носат едно или повеќе оружја, главни делови на огнено оружје кои се обележани и муниција за истите најмногу до 800 куршуми за ловечко оружје и најмногу 1200 парчиња муниција за спортско оружје.

Со членот 60 од предложениот закон се додава нов член 68-а со кој се определува забрана за отуѓување на оружјето, главните делови и муницијата внесени во државата или изнесени надвор од државата од страна на ловци и спортски стрелци заради вршење на спорт или лов.

Со членот 63 од предложениот закон се додаваат два нови става во членот 75 од законот кој се однесува на евиденциите кои ги води Министерството за внатрешни работи, при што се определува дека евиденциите од ставот 1 на овој член, се чуваат 30 години по уништување на оружјето и истите податоци треба да бидат достапни на Царинската управа во период од 10 години од уништувањето на оружјето и на надлежните институции за превенција, истрага, детекција, обвинителство за период од 30 години по уништување на оружјето или главен дел на оружјето.

Со членовите 66, 67, 68, 69, 70, 71 и 72 од предлогот на законот се врши ревидирање на одредбите од Законот за оружјето кои се однесуваат на прекршочните санкции, аналогно на предложените измени во законот.

Со членовите 74 и 75 од предложениот закон се определува рок од две години од денот на отпочнување на примената на овој закон за поднесување на барањето за легализација на оружјето, како и за легализација на оружјето.

Со членот 77 се определува рок од шест месеци од влегувањето во сила на законот за ревидирање на постоечки подзаконски прописи, а со членот 78 се определува рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон за донесување на подзаконскиот акт предвиден во членот 6 од Законот за оружјето и подзаконскиот акт предвиден во членот 50 од овој закон со кој се додава нов член 55-б.

Во сите останати одредби од законот се врши интервенција, односно дополнување со зборовите „главни делови за оружје“, и зборот „онеспособување“ се заменува со зборот „блокирање“, а во насока на усогласување со европската регулатива од областа, а со дел од одредбите се вршат техничко-терминолошки прецизирања на законот, надминување на практичните проблеми со кои се соочуваат надлежните служби на Министерството за внатрешни работи, како и содржинско и нормативно-правно унапредување на предвидените законски решенија во правец на нивна доследна практична примена.

Предложените изменувања и дополнување на предметниот закон ќе влезат во сила осмиот ден од денот на нивно објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочнат да се применуваат по шест месеци од денот на влегувањето во сила.

**II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНО ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ**

Решенијата содржани во предложените одредби имаат за цел соодветна практична имплементација на постојните законски одредби.

**III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА**

Со усвојување на предложените решенија ќе се постигне дополнително прецизирање на одредбите од Законот за оружјето, односно создавање на нормативни предуслови за целосно практично реализирање на постојните законски одредби. Исто така, како последица на наведените изменувања и дополнувања ќе се отстранат одредени непрецизности во постојниот законски текст.

Со донесување на предложените изменувања и дополнувања на законот се очекува надминување на практичните проблеми со кои се соочува Министерството за внатрешни работи како надлежен орган, а покрај наведеното ќе се овозможи усогласување на Законот за оружјето со:

- Директивата (ЕУ) 2021/555 на Европскиот парламент и на Советот од 24 март 2021 година за контрола на набавувањето и поседувањето оружје (кодифициран текст);

- Директива за спроведување (ЕУ) бр.2019/69 на Комисијата од 16 јануари 2019 година за утврдување технички спецификации на оружје за предупредување и сигнализација во согласност со Директивата 91/477/ЕЕЗ на Советот за контрола на набавување и поседување оружје и

- Регулатива (ЕУ) бр.258/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 14 март 2012 година за спроведување на член 10 од Протоколот на Обединетите нации против незаконско производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, со кој се надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал („Протокол на ОН за огнено оружје“) и за утврдување на дозвола за извоз и мерки за увоз и транзит на огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција.

**IV. ТЕЗИ НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ**

Донесувањето на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето имплицира донесување на подзаконски прописи и тоа:

- Правилник за видовите на оружјето кои можат да се набавуваат врз основа на одобрение и за значењето на одделни видови на оружје од А и Ц категорија.

- Правилник за техничките спецификации за алармно - сигнално оружје и формата и изгледот на потврдата за согласност.

**И З В О Д**
**НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО ШТО СЕ МЕНУВААТ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО**

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, онеспособување (деактивирање) промет, превоз и пренесување преку државна граница на оружје и муниција.

Одредбите на овој закон не се применуваат на вооружувањето и воената опрема, како и на оружјето и муницијата наменети за потребите на Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, казнено-поправните установи и другите државни органи и правни лица утврдени со посебни прописи.

**Член 2**

„Оружје“, во смисла на овој закон, се смета секој предмет или орудие, направени со цел под притисок на гасови, кои настануваат при согорување на експлозивни материи, гасови под притисок или друга потенцијална енергија, да исфрлаат проектил во облик на единечно зрно, сноп од сачми, гас, течност, стрели или друга состојка, што предизвикува повреди опасни за здравјето и животот на луѓето, како и секој друг предмет чија основна намена е вршење напад врз физичкиот интегритет на луѓето;

Оружје согласно со ставот 1 на овој член се смета:

1) огнено оружје;
2) колекционерско оружје;
3) оружје за самозаштита;
4) пневматско оружје;
5) гасно оружје;
6) експлозивно оружје;
7) оружје со тетива;
8) ладно оружје;
9) оружје за светлосно-звучна сигнализација;
10) електрични парализатори и
11) реплика на старинско оружје.

Одредбите за набавување, поседување и постапување со оружјето и муницијата на овој закон, соодветно се применуваат и на главните делови од огненото оружје и на боевата муниција за огненото оружје, освен ако со овој закон поинаку не е определено;

За оружје, во смисла на овој закон, не се смета:

1) декоративно оружје;
2) имитација на оружје;
3) оружје што е трајно онеспособено за употреба;
4) старинско оружје;
5) оружје и муниција за индустриски цели и
6) харпуни за подводен риболов.

**Член 3**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

„Огнено оружје“ е секое преносливо оружје со цевка (пушка, пиштол и револвер) кое исфрла, односно конструирано е под притисок на запално гориво да исфрли сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, како и секое преносливо оружје со цевка кое може да се видоизмени за да исфрли сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил. За огнено оружје во смисла на овој закон се смета и секој предмет кој може да се видоизмени за да исфрла сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, ако предметот по надворешниот изглед одговара на огненото оружје и поради неговата конструкција или материјалот од кој е изработен истиот може да се видоизмени;

Не се сметаат за огнено оружје, делови на огненото оружје и предмети кои исфрлаат, односно конструирани се под притисок на запално гориво да исфрлаат сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, како и делови кои можат да се видоизменат за да исфрлаат сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, ако:

-со техничка постапка трајно се онеспособени за употреба;

-се изработени за аларм, сигнализација, спасување на животи, убивање на животни, ловење риба со харпун или се наменети за индустриски и технички цели само ако се користат за тие цели и

-се делови на старинско оружје или реплика на старинско оружје, кое не е опфатено со категоризацијата на оружјето од членот 4 од овој закон;

„Делови на огнено оружје“ се сите главни, резервни и други делови на огненото оружје што се неопходни за неговата употреба (цевка со лежиште за куршуми, рам или сандак, механизам за затварање – затварач или навлака - лизгач, ударен механизам или затворен блок), како и опрема наменета или приспособена да го намали звукот при употребата на огненото оружје;

“Кусо огнено оружје“ е оружје чија цевка е со должина до 30 см или чија вкупна должина не е поголема од 60 см;

“Долго огнено оружје“ е оружје чија цевка е подолга од 30 см или чија вкупна должина надминува 60 см;

“Автоматско огнено оружје“ е оружје кое по секое пукање автоматски се празни и полни и кај кое со едно притискање на чкрапецот се испукуваат повеќе или сите куршуми од магацинот на оружјето;

“Полуавтоматско огнено оружје“ е оружје кое по секое пукање, автоматски се празни и полни и кое може да испука само еден куршум со едно притискање на чкрапецот;

“Репетирачко огнено оружје“ е оружје кое по испукувањето се полни и празни рачно, со ставање на куршум во цевката, земен од магацинот и пренесен со помош на механизам;

“Еднострелно огнено оружје“ е оружје без магацин кое пред секое испукување се полни рачно со ставање на куршум во лежиштето на куршуми и во вдлабнатиот дел предвиден за таа цел на влезот од цевката;

“Пневматско оружје“ се сите видови пушки, пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на компримиран воздух или друг компримиран гас низ цевката исфрлаат проектили со различен облик;

“Гасно оружје“ се сите видови пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на барутни гасови или сличен гас насочено распрснуваат или исфрлаат со муниција, иритирачки гас кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето;

Како гасно оружје, во смисла на овој закон, не се сметаат направи кои распрснуваат или исфрлаат иритирачки гас кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето, а се исклучиво наменети за самоодбрана;

“Оружје за светлосно-звучна сигнализација“ се сите видови пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на барутни или други слични гасови насочено исфрлаат светлосен проектил или предизвикуваат звучна сигнализација;

“Експлозивно оружје“ се сите видови бомби, мини, гранати и други направи кои содржат експлозивни материи или запаливи средства, кај кои поради надворешно или внатрешно дејство (тежина, удар, триење, хемиска реакција, електрична енергија и слично) се предизвикува ослободување и создавање на енергија и експлозија.

Како експлозивно оружје, во смисла на овој закон, се сметаат и делови на експлозивно оружје, запалувач и други предмети, кои се очигледно подготвени за изработка на експлозивно оружје;

“Оружје со тетива“ се лак, самострел и други направи кои под притисок на затегнатите краци на лакот, со тетива исфрлаат стрела или друг проектил;

“Ладно оружје“ се сите предмети направени за вршење напад или нанесување на телесна повреда, со употреба на физичка сила на напаѓачот, како и предмети погодни за нанесување телесна повреда кога тие се носат на јавни собири, локали и слични места;

“Електрични парализатори“ се направи создадени за вршење напад или одбрана, кои под дејство на електрицитет или висок напон, предизвикуваат електрични шокови, што го онеспособуваат лицето, врз кое е употребена направата;

“Оружје за индустриски цели“ е оружје наменето за индустриска или техничка употреба, под услов да може да се користи само за тие употреби;

“Ловечко оружје“ е огнено оружје, од Б и Ц категорија, со кое е дозволен лов согласно со прописите за ловство;

“Спортско оружје“ е огнено оружје, од Б и Ц категорија, пневматско оружје и оружје со тетива кое согласно со посебни прописи се користи во спортски дисциплини;

“Колекционерско оружје“ е оригинално оружје од Б и Ц категорија, кое е конструирано во период од 1898 до 1945 година и потекнува од значајни историски настани;

“Оружје за самозаштита“ е еднострелно, полуавтоматско или репетирачко огнено оружје од Б и Ц категорија, со калибар поголем од 5,6 милиметри, кое служи за заштита на животот на сопственикот на оружјето и за обезбедување на лица и имот;

“Старинско оружје“ е ладно оружје и огнено оружје што употребувало црн барут, конструирани пред 1898 година и кои имаат историска, антикварна, музеолошка или уметничка вредност, а кои повеќе не се во употреба и за кои има издадено потврда од страна на Националната установа Музеј на Македонија-Скопје;

“Реплика на старинско оружје“ е копија на старинско оружје (кусо или долго огнено оружје), кое се полни со црн барут од устата на цевката на оружјето и се пали со фитил, кремен или написла;

„Главни делови на огненото оружје“ се цевка со лежиште за куршуми, механизам за затварање (затварач) и рам (сандак) кои поединечно се наменети за монтирање, односно се монтираат на огненото оружје и се опфатени во категоризацијата на оружјето од членот 4 од овој закон;

“Посебна опрема за огнено оружје“ е секој механизам, што е произведен и наменет за дополнување на основниот модел на оружјето, со чија примена се зголемуваат можностите и квалитетот на употребата на оружјето, освен оптичкиот нишан;

“Оптички нишан“ е посебна опрема за оружје, која се употребува на ловечко или спортско оружје при учество на лов или стрелаштво, а се набавува и поседува од страна на физичко лице кое е активен член на ловечко или стрелачко друштво без издадено одобрение за набавување на оружје;

“Декаративно оружје“ се предмети кои се направени за декоративна намена и кои не можат да се употребат во огнено оружје;

“Оружје што е трајно онеспособено за употреба (деактивирано)“ е огнено оружје од Б, Ц и Д категорија, кое целосно ги изгубило карактеристиките на оружје, со извршување на техничка постапка врз еден од главните делови од огненото оружје, по што делот повеќе не може да се отстрани, замени или преправи, а со тоа оружјето е трајно онеспособено за натамошна негова употреба;

“Оружје што е привремено онеспособено за употреба“ е огнено оружје од Б, Ц и Д категорија, кое со извршување на техничка постапка врз еден од главните делови од огненото оружје е привремено онеспособено за функционирање;

“Имитација на оружје“ се предмети кои по надворешниот изглед наликуваат на оружје, но кои не можат да се употребат во огнено оружје;

„Муниција“ е цел патрон или негови делови (сите видови чаури, иницијални каписли, зрна и проектили) кои под дејство на запално гориво служат за полнење и дејство на огненото оружје;

“Боева муниција“ се сите видови куршуми, наполнети со проектил што има моќ да убие;

“Муниција со панцирно-пробивен проектил што пенетрира“ е муниција наменета за воена употреба, чиј проектил содржи тврдо јадро, кое има голема пробивна моќ;

“Муниција со експлозивни проектили“ е муниција наменета за воена употреба, чии проектили содржат полнило што експлодира;

“Муниција со запаливи проектили“ е муниција наменета за воена употреба, чии проектили содржат хемиско соединение кое е запаливо;

“Маневарска муниција“ е муниција која содржи погонско полнење и чаура во која нема проектили;

“Муниција за зашеметување и успивање“ е муниција наменета за извршување на хумани активности, чиј проектил содржи хемиско соединение, кое предизвикува привремено успивање и онеспособување и

“Одбележувачка муниција“ е муниција наменета за воена употреба, чиј проектил содржи хемиско соединение, кое со согорување ја означува патеката на движење на проектилот;

“Муниција за гасно оружје“ е муниција која содржи хемиско полнење со иритирачки гас, кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето**;**

“Адаптери“ се направи наменети за употреба во лов или спортско стрелаштво, кои се вметнуваат во цевката на оружјето заради промена на видот и калибарот на оружјето, со што оружјето не ја менува постојната категорија, согласно со овој закон**;**

„Следење на оружје“ е преземање на активности за следење на огненото оружје, негови главни делови и муниција од производителот до купувачот заради откривање, истраги и анализирање на недозволеното производство и недозволената трговија на огненото оружје;

„Посредник со оружје“ е физичко лице-трговец поединец или правно лице чија дејност се состои во целосно или делумно посредување, односно договарање при набавување, продавање или пренесување на оружје, која се разликува од активностите на трговските друштва од членот 52 став 1 од овој закон.

„Трговец на оружје“ е физичко лице –трговец поединец или правно лице кое целосно или делумно врши дејност производство на огнено оружје, главни делови на огненото оружје или муницијата или врши други работи поврзни со производството на огненото оружје, главните делови на оружјето или муницијата, како и врши дејност промет, поправање, разменување или изнајмување на огнено оружје, делови на огнено оружје и муниција, односно трговските друштва од членовите 35-а став 3, 46 став 1, 52 став 1 и 59 став 3 од овој закон и

„Европска дозвола за огнено оружје“ е исправа со која се докажува сопственоста и правото на користење на огненото оружје од страна на имателот на дозволата, која не се пренесува на друго лице и се носи од страна на имателот за цело време на користењето на оружјето.

## II. НАБАВУВАЊЕ И ПОСЕДУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

### Член 4

Оружјето, во смисла на овој закон, се категоризира во следниве категории:

Категорија А-оружје чие набавување е забрането:

1) експлозивни воени ракети и системи за лансирање;

2) автоматско огнено оружје;

3) огнено оружје маскирано во форма на друг предмет;

4) муниција со панцирно-пробивен проектил што пенетрира, муниција со експлозивни проектили, муниција со запаливи проектили и проектили за таа муниција;

5) муниција за пиштоли и револвери со проектили со експандирачко дејство и проектили за оваа муниција, освен муницијата која се користи за ловечко или спортско оружје;

6) огнено оружје со вграден пригушувач;

7) огнено оружје со жлебени цевки со калибар над 12, 7 милиметри;

8) експлозивно оружје и негови делови;

9) гасно оружје и муниција за гасно оружје;

10) посебна опрема за огнено оружје;

11) електрични парализатори**;**

12) одбележувачка муниција**;**

13) огнено оружје направено од главни делови на огненото оружје кои се набавени со недозволен промет;

14) произведено ново огнено оружје кое не е означено согласно прописите за испитување и жигосување, односно обележување и

15) преправено, односно видоизменето оружје.

За забрането огнено оружје, во смисла на ставот 2 од овој член, нема да се смета ловечко и спортско оружје опремено со оптички нишан.

Категорија Б-оружје што може да се набавува врз основа на одобрение:

1) полуавтоматско или репетирачко кусо огнено оружје;
2) еднострелно кусо огнено оружје, со централно палење;
3) еднострелно кусо огнено оружје, со рабно палење со вкупна должина помала од 28 см;
4) полуавтоматско долго огнено оружје, со магацин и лежиште на куршуми кои можат да примат повеќе од три куршума;
5) полуавтоматско долго огнено оружје, со магацин и лежиште на куршуми, кои можат да примат до три куршуми и чиј полнач се менува, односно ова оружје може да се преправи, со помош на вообичаен алат, по што магацинот и лежиштето на куршумите можат да примат повеќе од три куршуми;
6) репетирачко и полуавтоматско долго огнено оружје, со нежлебена цевка со должина до 60 см и
7) полуавтоматско долго огнено оружје, за цивилна намена, што наликува на автоматското огнено оружје.

Категорија Ц - оружје што може да се набавува врз основа на одобрение издадено под олеснителни услови:

*1)* репетирачко долго огнено оружје, што не е опфатено со точката 6 од категоријата Б;
*2)* еднострелно долго огнено оружје со жлебена цевка;
*3)* полуавтоматско долго огнено оружје, што не е опфатено со точките 4, 5, 6 и 7 од категоријата Б;
*4)* еднострелно кусо огнено оружје со рабно палење со вкупна должина поголема или еднаква на 28 см;
*5)* еднострелно долго огнено оружје со нежлебени цевки**;**
*6)* адаптери*;*
7) еднострелно долго огнено оружје со комбинирани цевки;
8) оружје за светлосно-звучна сигнализација и
9) оружје со тетива и
10) оружје (кусо или долго огнено оружје), кое се полни со црн барут од устата на цевката на оружјето и се пали со фитил, кремен или announcement капсла.

Категорија Д-оружје што е потребно да се пријави и за кое се издава потврда:

1) пневматско оружје;
2) ладно оружје;
3) пеинт бол (Paint ball) и
4) аирсофт (Airsoft).

**Член 5**

Оружје и муниција може да се набавува само врз основа на одобрение издадено од Министерството за внатрешни работи, согласно со категоризацијата на оружјето од членот 4 на овој закон, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

Одобрението од ставот 1 на овој член се издава за секое поединечно набавување на оружје во рок од шест месеци од денот на поднесување на барањето.

**Член 6**

Министерот за внатрешни работи поблиску ќе ги определи видовите на оружјето кои можат да се набавуваат врз основа на одобрение и за значењето на одделни видови на оружје од А и Д категорија, согласно со категоризацијата на оружјето од членот 4 на овој закон.

**Член 7**

Оружје од категориите Б и Ц од овој закон може да се набавува врз основа на одобрение на Министерството за внатрешни работи, според живеалиштето на лицето, или престојувалиштето на странецот во Република Северна Македонија, односно според седиштето на правното лице, подносител на барањето (во натамошниот текст: надлежен орган).

Главни делови за оружје можат да се набавуваат врз основа на одобрение или потврда за пријавено оружје од Д категорија и тоа според видот на оружјето за кое е издадена дозволата за оружје или потврдата за пријавено оружје од Д категорија.

Муниција за оружје со жлебени цевки се набавува врз основа на одобрение за набавување на муниција или врз основа на потврда за пријавено оружје од Д категорија издадена за тоа оружје.

Муниција за оружје со нежлебени цевки се набавува врз основа на издадената дозвола за тоа оружје.

Одобрението за набавување на оружје, одобрението за набавување на делови на оружје и одобрението за набавување на муниција важи шест месеци од денот на издавањето на одобрението.

Физичко лице може да набавува и поседува муниција за оружје со жлебени цевки најмногу до 200 куршуми во текот на календарската година, освен ако докаже дека постојат оправдани причини за набавување и поседување на поголема количина на муниција од пропишаната во текот на календарската година, односно ако докаже дека учествува во лов, стрелаштво или слично.

Физичкото лице може да набавува и поседува муниција за оружје со нежлебени цевки и пневматско оружје без ограничување на количината на муницијата.

Правните лица кои вршат приватно обезбедување во вид на давање на услуги или приватно обезбедување за сопствени потреби можат да поседуваат муниција за оружје најмногу до 50 куршума за секое оружје наведено во дозволата за поседување на оружјето.

Корисниците на дивечот на ловишта можат да набавуваат и поседуваат муниција за оружје со жлебени цевки најмногу до 200 куршуми во текот на календарската година за секое оружје наведено во дозволата за поседување на оружјето, а наменето за лов, освен ако се докаже дека постојат оправдани причини за набавување и поседување на поголема количина на муниција од пропишаната во текот на календарската година, односно ако согласно евиденцијата на корисниците на дивечот на ловиштата докажат дека поседува помала количина на муниција од пропишаната.

**Член 8**

Одобрение за набавување на оружје може да се издаде на физички лица заради заштита на нивната личност и имот, за лов и спортско стрелаштво.

Одобрение за набавување на делови на оружје и одобрение за набавување на муниција се издава на физички или правни лица кои поседуваат важечка дозвола за оружје или дозвола за поседување на оружје.

Правните лица кои вршат приватно обезбедување во вид на давање на услуги или приватно обезбедување за сопствени потреби можат да набавуваат оружје врз основа на одобрение, заради заштита на лицата и имотот или за вршење на дејноста приватно обезбедување.

Одобрение за набавување на спортско и ловечко оружје може да се издаде и на стрелачки и ловечки друштва, како и на правни лица –корисници на дивеч во ловишта.

Одобрение за набавување на огнено или пневматско оружје со муниција што содржи зашеметувачки или успивни материи за привремено онеспособување на животни може да се издаде на научни институции, државни органи и други правни лица заради научни истражувања и собирање стручни податоци за животинските видови, заштита на животните, како и други оправдани случаи што спаѓаат во нивната редовна дејност, а се однесуваат на заштита на животната средина.

**Член 9**

Одобрение за набавување на оружје на физичко лице се издава врз основа на претходно поднесено писмено лично барање за издавање одобрение за набавување на оружје, ако физичкото лице ги исполнува следниве услови:

1) има наполнето 18 години живот;
2) не му е одземена или ограничена деловната способност;
3) здравствено е способно да поседува и носи оружје;
4) не претставува опасност за јавниот ред;
5) има оправдана причина за набавување на оружје;
6) располага со техничко знаење за правилна употреба, чување и одржување на оружјето и познавање на прописите за оружје и

7) има живеалиште на територијата на Република Северна Македонија со важечка лична карта, а доколку е странец да има одобрен постојан престој на територијата на Република Северна Македонија, со важечка лична карта за странец, освен ако со ратификуван меѓународен договор поинаку не е определено.

По исклучок од ставот 1 точка 1 на овој член, одобрение за набавување на кусо огнено оружје со жлебена цевка и долго огнено оружје со жлебена цевка на физичкото лице се издава врз основа на претходно поднесено писмено лично барање за издавање одобрение за набавување на оружје, ако физичкото лице има наполнето 25 години живот, освен ако лицето не е активен член на стрелачко друштво подолго од две години.

Одобрение за набавување на оружјето од член 4 став 5 точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од овој закон се издава на физичко лице кое покрај условите од ставот 1 точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 на овој член, потребно е да биде активен член на ловечко или стрелачко друштво и да има потврда дека е активен член на стрелачко друштво.

Одобрение за набавување на оружје од член 4 став 5 точките 7, 8 и 9 од овој закон се издава на физичко лице кое ги исполнува условите од став 1 точките 1, 2, 3, 4 и 7 на овој член.

Овластеното службено лице во Министерството за внатрешни работи кое ја води постапката е должно во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот 1 на овој член, да ги побара доказите и податоците кои се потребни за докажување на исполнетоста на условите од ставот 1 точките 1), 2), 4), 6) и 7) на овој член.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците од ставот 4 на овој член е должно да ги достави бараните докази и податоци ворок од 90 дена од денот на приемот на барањето.

**Член 12**

Се смета дека постои опасност за јавниот ред според членот 9 став 1 точка 4 од овој закон, ако:

-физичкото лице правосилно е осудено за кривично дело сторено со умисла, кое се гони по службена должност,

-физичкото лице правосилно е осудено за прекршок против јавниот ред и мир со елементи на насилство и

-постојат други околности кои укажуваат дека оружјето може да биде злоупотребено, а особено кога лицето е регистрирано во евиденцијата на надлежните органи за често и прекумерно консумирање алкохол или употреба на наркотични дроги и психотропни супстанции; потешко нарушување на односите во семејството, местото на живеење, образовната установа или на работното место, семејно насилство и слично.

Ако против физичкото лице во тек е постапка за кривично дело, односно за прекршок од ставот 1 алинеи 1 и 2 на овој член, а лицето ги исполнува другите услови за издавање на одобрение за набавување на оружје, надлежниот орган ќе ја прекине постапката за издавање на одобрение до донесување на правосилна одлука во кривичната, односно прекршочната постапка.

**Член 14-б**

По практичното оспособување за ракување со оружје се полага стручен испит кој се спроведува во просториите на овластеното правно лице, кое технички го спроведува стручниот испит.

Стручниот испит се полага пред комисии формирани од министерот за внатрешни работи.

Комисиите се составени од претседател, двајца членови и нивни заменици.

Претседателот и неговиот заменик се претставници од Министерството за внатрешни работи, вториот член на комисијата и неговиот заменик се претставници од овластеното правно лице во кое се спровело практичното оспособување, третиот член на комисијата и неговиот заменик се информатичари од овластеното правно лице.

На претседателот, членовите и нивните заменици во комисијата од ставот 2 на овој член за секој спроведен стручен испит им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, кои се надоместуваат од овластеното правно лице. Надоместокот на годишно ниво не смее да го надмине износот на три просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика.

Трошоците за практично оспособување и спроведување на испитот ги сноси кандидатот.

**Член 14-в**

Стручниот испит се состои од два дела, и тоа:
- теоретски (прв) дел со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- практичен (втор) дел со кој се проверуваат практичните способности на кандидатите.

Теоретскиот (првиот) дел од стручниот испит опфаќа:
1) Закон за оружјето;
2) Кривичен законик;
3) Прва помош;
4) Теоретско познавање на безбедното ракување со оружје и муниција (расклопување, склопување, чистење и одржување на оружјето и муницијата).

Практичниот (вториот) дел од стручниот испит опфаќа:
1) Практично познавање на безбедното ракување со оружје и муниција (расклопување, склопување, чистење и одржување на оружјето и муницијата) и
2) Изведување на гаѓање со оружје.

Теоретскиот дел од стручниот испит се полага по електронски пат, со одговарање на определен број на прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

**Член 14-д**

Стручниот испит се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

Кандидатот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на стручниот испит, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страната на Министерството за внатрешни работи и Јавниот радиодифузен сервис.

Полагањето на стручниот испит се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за внатрешни работи, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот стручен испит се поставува на веб страницата на Министерството за внатрешни работи.

Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручниот испит ги пропишува министерот за внатрешни работи.

Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио френквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на стручниот испит.

Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио френкфенцискиот опсег во просторијата за полагање на стручниот испит, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

АЕК во просторијата за полагање на стручниот испит инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена, и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

АЕК формира комисија составена од три члена, која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за внатрешни работи најдоцна во рок од 15 дена од спроведување на стручниот испит.

**Член 14-ѓ**

Пред почетокот на полагањето на стручниот испит, претседателот на комисијата го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

На кандидатот за време на полагањето на стручните испити не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично, ниту му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот во комисиите, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

Доколку кандидатот при полагањето на стручните испити постапува спротивно на ставот 2 на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот, при што се смета дека кандидатот

не го положил стручниот испит и истото се констатира во извештајот за спроведен теоретски дел од стручниот испит при што се изрекува забрана за полагање на стручниот испит во траење од три години, за што Министерството за внатрешни работи донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Член 14-ж**

Полагањето на теоретскиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер, согласно упатството за начинот на решавање на истиот, за кое претседателот на комисијата од член 14-б ставот 2 од овој закон дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

Прашањата од тестот зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

Прашањата содржани во тестовите за полагање на теоретскиот дел и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит, кој го воспоставува и одржува овластеното правно лице.

Електронскиот систем од став 3 на овој член содржи и достапна база од најмалку 300 прашања од областа на предметите од член 14-в ставот 2 од овој закон.

Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за испитот за повеќе од еден кандидат.

Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и правната литература во кои се содржани одговорите на прашањата.

Резултатите од полагањето на стручниот испит му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од тестот за полагање на стручниот испитот, изнесува 30 минути за секој од предметите од член 14-в ставот 2 од овој закон.

**Член 14-з**

Тестовите се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

Материјалите и снимките од одржаните стручни испити се чуваат во овластеното правно лице.

За ревизија на спроведените стручни испити, министерот за внатрешни работи формира посебна комисија.

Комисијата од ставот 3 на овој член е составена од претседател и двајца членови и нивни заменици.

Комисијата од ставот 3 на овој член ги користи материјалите и снимките од став 2 на овој член.

Комисијата од ставот 3 на овој член се состанува по секој одржан стручен испит и врши ревизија на начинот на спроведување на стручниот испит, за што доставува извештај до министерот за внатрешни работи.

На претседателот, членовите и нивните заменици во комисијата од ставот 3 на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Северна Македонија, за што Министерството за внатрешни работи донесува решение.

**Член 16**

Одобрение за набавување на оружје на правно лице се издава врз основа на претходно поднесено писмено барање за издавање одобрение за набавување на оружје, ако правното лице има:

1) оправдани причини за набавување на оружје и
2) простор за безбедно сместување и чување на оружјето.

Правните лица кои набавуваат оружје заради приватно обезбедување, покрај условите од ставот 1 на овој член потребно е да имаат работници кои имаат засновано работен однос на неопределено време во тоа правно лице.

**Член 16-а**

За оружјето од Б, Ц и Д категорија што се поседува од физичко или правно лице без издадена исправа за оружјето предвидена согласно со одредбите од овој закон и Законот за набавување, поседување и носење на оружје („Службен весник на СРМ“ број 25/72, 30/72, 18/76, 26/76, 15/83, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија“ број 26/93 и 49/2003), надлежниот орган врз основа на лично барање на физичкото или правното лице издава дозвола за оружје, дозвола за поседување на

оружје и потврда, ако физичкото лице ги исполнува условите од членот 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 и став 2 на овој закон, односно правното лице ги исполнува условите од членот 16 став 1 точка 1 и став 2 на овој закон.

Оружјето од ставот 1 на овој член не смее да потекнува од извршување на кривично дело, односно да било наменето или употребено за извршување на кривично дело, да не е во сопственост на друго физичко или правно лице и ознаките на оружјето да не се оштетени или уништени.

Доколку физичкото лице не ги исполнува условите од членот 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 и став 2 на овој закон, односно правното лице не ги исполнува условите од членот 16 став 1 точка 1 и став 2 на овој закон, тогаш Министерството за внатрешни работи донесува решение со кое се одбива барањето за издавање оружје, дозвола за поседување на оружје и потврда.

Против решението од ставот 3 на овој член, физичкото, односно правното лице има право на жалба до Комисијата, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Министерството за внатрешни работи го повикува физичкото, односно одговорното лице во правното лице доброволно да го предаде оружјето од ставот 1 на овој член во најблиската полициска станица до местото на нивното живеалиште, односно местото на седиштето на правното лице, во рок од 15 дена од правосилноста на решението.

При доброволното предавање на оружјето од ставот 5 на овој член нема да се врши идентификација и евиденција на лицата кои доброволно го предале оружјето и против истите нема да биде водена кривична или прекршочна постапка.

**Член 17**

Против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрение за набавување на оружје, подносителот на барањето има право на жалба до Комисијата, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Член 18**

Физичкото или правното лице на кое му е издадено одобрение за набавување на оружје, е должно во рок од осум дена од денот на извршената набавка на оружјето да поднесе барање за регистрирање на оружјето и издавање дозвола за оружје, за физичко лице, односно дозвола за поседување на оружје, за правно лице до надлежниот орган.

Трговските друштва што вршат промет со оружје се должни во рок од пет дена од денот на извршената набавка на оружјето да достават известување до надлежниот орган со податоци за физичкото, односно правното лице кое го набавило оружјето и податоци за оружјето (вид, марка, калибар и фабрички број на оружјето) заради вршење на пробни испукувања.

**Член 21**

Дозволата за оружје се издава со рок на важење од десет години, а на лица постари од 65 години живот со рок на важење до пет години.

Дозволата за оружје се продолжува по писмено барање на имателот, поднесено до надлежниот орган најдоцна до денот на истекот на рокот на нејзиното важење.

Условите за продолжување на дозволата од членот 12 на овој закон на имателот, ги утврдува надлежниот орган по службена должност, а ако лицето е постаро од 65 години е потребно да достави и лекарско уверение не постаро од една година според членот 11 на овој закон.

Против решението со кое се одбива да се продолжи дозвола за оружје, подносителот на барањето има право на жалба до комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Надлежниот орган на лице кое изјавило дека поради старост, болест и слично нема потреба од натамошно употребување на оружјето, ќе му ја замени дозволата за оружје и дозволата за поседување на оружјето согласно со Законот за набавување, поседување и носење на оружје („Службен весник на СРМ“ број 25/72, 30/72, 18/76, 26/76, 15/83, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија“ број 26/93 и 49/2003) со потврда за поседување на оружје за кое е издадена потврда за трајно онеспособување на оружјето, согласно одредбите од членот 51-а од овој закон.

Покрај случаите од ставот 5 на овој член, потврда за поседување на оружје се издава на лице на кое му е издадена потврда за привремено онеспособување (деактивирање) на оружјето, согласно со членот 39 став 6 од овој закон.

Подносителот на барањето има право да поднесе приговор против потврдите од ставовите 5 и 6 на овој член до организациската единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е издавањето на потврдите во рок од 15 дена од денот на приемотна потврдата.

По приговорот од ставот 7 на овој член одлучува раководителот на непосредно повисоката организациска единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е да одлучува по приговорот во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.

**Член 22**

Дозволата за поседување на оружје на правното лице се издава со рок на важење од десет години.

Дозволата за поседување на оружје може да биде продолжена по писмено барање на правното лице, поднесено до надлежниот орган најдоцна до денот на истекот на рокот на нејзиното важење.

Кон барањето за продолжување на дозволата за поседување на оружје, правното лице потребно е да достави доказ дека ги исполнува условите од членот 16 став 1 на овој закон.

Против решението со кое се одбива да се продолжи дозвола за поседување на оружје, подносителот на барањето има право на жалба до комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Член 23**

Правните лица кои поседуваат оружје врз основа на дозвола за поседување на оружје, истото можат да го дадат на користење само на работници кои имаат засновано работен однос на неопределено време во тоа правно лице и вршат приватно обезбедување, а кои ги исполнуваат условите од членот 9 на овој закон.

По барање на правното лице од ставот 1 на овој член, надлежниот орган на корисникот на оружјето ќе му издаде дозвола за носење на оружје, со рок на важење од десет години.

Дозволата за носење на оружје од ставот 2 на овој член содржи лични податоци и фотографија за работникот за обезбедување.

Рокот на важење на дозволата за носење на оружје ќе се продолжи, по барање на правното лице, ако лицето на чие име дозволата гласи и понатаму ги исполнува условите од членот 9 на овој закон. Барањето за продолжување на дозволата за носење на оружје правното лице ја поднесува најдоцна до денот на истекот на рокот на нејзиното важење.

Работникот на кој му престанал работниот однос во правното лице од ставот 1 на овој член, на денот на престанувањето на работниот однос е должен оружјето и дозволата за носење на оружје да ги предаде на одговорното лице во правното лице.

Правното лице од ставот 4 на овој член е должно во рок од осум дена од денот на престанувањето на работниот однос, писмено да го извести надлежниот орган за работникот на кој му престанал работниот однос, а на чие име гласи дозволата за носење на оружје. Надлежниот орган веднаш ја поништува дозволата за носење на оружје.

**Член 27**

Оружјето од член 4 став 6 точките 1 и 2 може да се набавува од физичко лице кое го исполнува условот од членот 9 став 1 точка 1 на овој закон, од стрелачки и ловечки друштва, правни лица-корисници на дивеч во ловишта, како и од научни институции, државни органи и други правни лица заради вршење на работи кои спаѓаат во рамките на нивната редовна дејност, а се однесуваат на заштитата на луѓето, односно животните или животната средина.

Оружјето од членот 4 став 6 точките 3 и 4 може да се набавува од стрелачки или спортски друштва заради вршење работи кои спаѓаат во рамките на нивната дејност.

Физичкото или правното лице кое набавило оружје од ставовите 1 и 2 на овој член, е должно во рок од осум дена од денот на извршената набавка на оружјето, да го пријави оружјето на надлежниот орган, за што се издава потврда.

**Член 29**

Забранета е продажба на оружје и муниција на лице кое нема одобрение за набавување, односно одобрение за набавување на колекционерско оружје, како и давање оружје на употреба на лице кое нема дозвола за оружје или дозвола за колекционерско оружје или дозвола за носење на тоа оружје.

**Член 31**

Под носење на оружје, во смисла на овој закон, се сметаат сите начини на носење на оружје што е подготвено за употреба, од страна на неговиот имател, освен пренесување на оружјето.

Сопственикот или корисникот на оружје кога има право да го носи е должен оружјето да го носи на начин што нема да ја загрозува личната сигурност и сигурноста на другите.

Сопственикот или корисникот на оружјето е должен пренесувањето на оружјето да го врши на начин што оружјето, ако технички е можно, мора да биде расклопено, односно цевката да биде одвоена од механизмот за затворање, а ако не е можно муницијата да биде одвоена од оружјето.

Забрането е носење и употреба на оружје од страна на сопственикот или корисникот на оружјето, кој со употреба на алкохол, дроги или друг начин ќе се доведе во состојба во која не може да го сфати значењето на своето дело или да управува со своите постапки.

Забрането е носење и употреба на оружје на јавно место, освен за работниците кои вршат работи на обезбедување на лица и имот во државните органи и правните лица, согласно со прописите за обезбедување на лица и имот.

Под јавно место, во смисла на овој закон, се смета место на кое слободен пристап имаат неопределен број лица без какви и да било услови (улица, плоштади, патишта, излетнички места, пристаништа, аеродроми, железнички станици, автобуски станици, чекални, угостителски и трговски објекти и занаетчиски дуќани и слично) или под одредени услови (објекти во кои се сместени Собранието на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, државните органи, судовите, Јавното обвинителство, Уставниот суд на Република Северна Македонија, единиците на локалната самоуправа, образовните, здравствените и социјалните установи, спортски стадиони, игралишта, средства за јавен превоз, кино сали, театарски и концертни сали, изложбени простории, градини и слично), како и други места кои во определено време служат за вакви намени (земјишта или простори во кои се одржуваат јавни собири, приредби, натпревари и слично), каде што со негова употреба може да се загрози сигурноста на луѓето.

Под јавно место, во смисла на овој закон, нема да се смета место кое е достапно на поглед од јавно место (балкон, тераса, дворна површина, столбиште), како и превозни средства во сопственост на граѓани, стрелишта и терени за вежбање и ловишта во ловна сезона.

Забрането е внесување на оружје, покрај во местата од ставот 6 на овој член и во сите други места, на чиј влез, сопственикот или корисникот на местото, видливо и јасно забранил внесување на оружје.

Забрането е ловечкото оружје да се носи и употребува надвор од ловиште или стрелиште. Надвор од ловиштето или стрелиштето сопственикот или корисникот на ловечкото оружје е должен ловечкото оружје да го пренесува во соодветна футрола, а муницијата мора да биде одвоена од оружјето.

Забрането е спортското оружје да се носи и употребува надвор од стрелиште или друг терен определен за натпревар во спортско стрелаштво. Надвор од стрелиштето или друг терен определен за натпревар во спортско стрелаштво, сопственикот или корисникот на спортското оружје е должен спортското оружје да го пренесува во соодветна футрола, а муницијата мора да биде одвоена од оружјето.

Забрането е колекционерското оружје да се носи и употребува надвор од местото на живеалиште или престојувалиште, односно надвор од местото на одобрен постојан престој на физичкото лице (колекционерот). Колекционерското оружје може да се пренесува надвор од местото на живеалиште или престојувалиште, односно надвор од местото на одобрен престој, само заради поправање, изложување или продажба на колекционерското оружје.

Забрането е да се набавува, поседува и произведува муниција за колекционерското оружје.

Одредбата од ставот 5 на овој член не се однесува на учесниците на:

1) продукција на филм, театарски претстави и други културни манифестации за чии потреби се користи ненаполнето оружје или оружје со маневарска муниција;

2) стрелачки натпревари и

3) спортски натпревари, при давање знак за старт со маневарска муниција по налог на организаторот.

Забрането е пневматско оружје и оружје со тетива да се носи и употребува надвор од стрелиште или друг обезбеден простор.

Спортско оружје, пневматско оружје, оружје за светлосно-звучна сигнализација и оружје со тетива може да се употребува од малолетно лице само на стрелиште, ловиште или друг обезбеден простор за тренинг, под надзор и во присуство на родител или друго полнолетно лице кое поседува важечка дозвола за оружје или друга исправа за вршење на обука.

**Член 34**

Правните лица од членот 8 ставови 2, 3 и 4 на овој закон се должни оружјето да го чуваат одвоено од муницијата во просторија што е технички обезбедена или во железен орман или сеф. Оружјето и муницијата се чуваат, по правило, во просториите наменети за чување на оружје или во просториите во кои се наоѓа седиштето на правното лице.

Правните лица се должни за оружјето и муницијата да водат евиденции и да определат лице одговорно за оружјето и муницијата. За секоја промена на одговорното лице, правните лица се должни да го известат надлежниот орган во рок од осум дена од денот на промената.

Одговорното лице е должно на овластеното службено лице на надлежниот орган, да му овозможи контрола на начинот на чување на оружјето и водење на евиденциите.

**Член 35**

Оружјето може да се продаде само на физички, односно правни лица кои поседуваат одобрение за набавување на оружје, издадено согласно со овој закон, односно на правно лице овластено да врши промет со оружје, делови за оружје и муниција.

Продажба на оружје меѓу физички, односно правни лица се врши со договор склучен во писмена форма, заверен од нотар, што содржи: име, презиме, датум на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, број на лична карта или пасош, живеалиште и адреса на станот на договорните страни односно податоци за правните лица; вид, марка, фабрички број и калибар на оружјето; податоци за производителот, податоци содржани во одобрението, односно дозволата и место и датум на склучување на договорот.

Физичките односно правните лица кои купиле оружје согласно со ставовите 2 и 5 на овој член, се должни во рок од осум дена од денот на склучувањето на договорот за купопродажба, да го пријави купеното оружје заради пробни испукувања до надлежниот орган, доколку од оружјето не е извршено пробно испукување.

Доколку од оружјето кое е купено согласно ставовите 2 и 5 на овој член е извршено пробно испукување, физичките, односно правните лица кои купиле оружје должни се во рок од осум дена да поднесат барање за регистрирање на оружјето и да го достават договорот од ставот 2 на овој член до надлежниот орган.

По исклучок од ставот 2 на овој член, огненото оружје, деловите на огненото оружје и муницијата можат да се купат со склучување на договори за далечина, согласно закон.

Пред купувањето на оружјето од ставот 5 на овој член, физичкото, односно правното лице доставува примерок од одобрението од членовите 9 и 16 од овој закон до продавачот на оружјето.

При купување на оружјето од ставот 5 на овој член се врши посебна контрола на набавувањето на оружјето од страна на надлежниот орган, освен кога продажбата се врши меѓу трговци на оружје.

Под посебна контрола на оружјето, во смисла на ставот 7 на овој член се смета контролата што ја врши надлежниот орган во однос на исполнетоста на условите за набавување и внесување на оружјето предвидени со овој и друг закон.

**Член 35-а**

Оружје од ист вид може да биде предмет на размена помеѓу физички, односно правни лица.

Физичките лица можат да го разменуваат оружјето од ставот 1 на овој член доколку имаат дозвола за оружје, односно потврда од член 27 ставот 2 од овој закон.

Правните лица можат да го разменуваат оружјето од ставот 1 на овој член доколку имаат дозвола за поседување на оружје, односно потврда од член 27 ставот 2 од овој закон.

Одредбите од член 35 ставовите 2, 3 и 4 од овој закон соодветно се применуваат на размената на оружјето од ставот 1 на овој член.

**Член 36**

Исчезнување, губење или кражба на оружје или муниција сопственикот, корисникот, односно правното лице, се должни да го пријават до надлежниот орган каде што е регистрирано оружјето или до најблиската полициска станица во рок од 24 часа од моментот кога тоа го забележал.

Во случај на исчезнување, губење или кражба на одобрението за набавување на оружје, одобрението за набавување на колекционерско оружје дозвола за оружје, дозволата за колекционерско оружје дозволата за носење на оружје или дозволата за поседување на оружје, сопственикот, односно правното лице се должни во рок од осум дена тоа да го пријават до надлежниот орган каде што е регистрирано оружјето или до најблиската полициска станица и да поднесат барање за издавање на дупликат на тие исправи.

**Член 37**

Најденото оружје или муниција се предава веднаш на надлежниот орган.

По истекот на три месеца од денот на предавањето, доколку не се пронајде сопственикот, со оружјето и муницијата се постапува согласно со членот 45 на овој закон.

**Член 38-а**

Сопственик на оружје од Б, Ц и Д категорија за кое е издадена дозвола за оружје, дозвола за поседување на оружје односно потврда од член 27 ставот 2 од овој закон може доброволно да го предаде оружјето во најблиската полициска станица, за што се известува надлежниот орган.

Полициската станица од ставот 1 на овој член во рок од 15 дена го известуваат надлежниот орган за лицето и оружјето кое е доброволно предадено.

За оружјето од ставот 1 на овој член се издава потврда.

Со дозволата за оружје, односно дозволата за поседување на оружје, надлежниот орган постапува согласно со членот 42 од овој закон.

Лицето од ставот 1 на овој член има право да поднесе приговор против потврдата од ставот 3 на овој член до организациската единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е издавањето на потврдите во рок од 15 дена од денот на приемот на потврдата.

По приговорот од став 5 на овој член одлучува раководителот на непосредно повисоката организациска единица во Министерството за внатрешни работи во чијделокруг е да одлучува по приговорот, во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.

**Член 39**

Во случај на смрт на сопственикот на оружјето, полнолетните членови на неговото семејство или други полнолетни лица кои со него живееле во исто семејно домаќинство се должни во рок од шест месеци од смртта на лицето да го предадат:

-оружјето на трговските друштва од членот 51-а став 2 на овој закон, кои ќе извршат привремено онеспособување на оружјето, со пломбирање, за што се издава потврда или

-оружјето и муницијата на надлежниот орган или најблиската полициска станица, за што се издава потврда.

Полнолетните лица од ставот 1 на овој член се должни привременото онеспособено оружје со муницијата да ги чуваат во местото на нивното живеалиште или престојувалиште, односно во местото на одобрен постојан престој, до завршување на оставинската постапка.

Министерот за внатрешни работи ќе го пропише начинот на предавање, прием и чување на оружјето и муницијата во случај на смрт на сопственикот на оружјето, како и формата и содржината на потврдата за оружје и муниција кои се предаваат на надлежниот орган.

Лицето кое наследило оружје може во рок од два месеца по завршување на оставинската постапка да поднесе барање за издавање на дозвола за оружјето или оружјето да го отуѓи согласно со членот 35 на овој закон.

Дозволата за оружје од ставот 4 на овој член се издава ако лицето ги исполнува условите од членот 9 став (1) на овој закон.

Ако лицето од ставот 4 на овој член не поднесе барање за издавање на дозволата за оружје во предвидениот рок или барањето за издавање на дозволата за оружје е одбиено или лицето не сака да го отуѓи оружјето, тогаш ова лице може да поднесе барање за трајно онеспособување (деактивирање) на оружјето до трговските друштва од членот 51-а став 2 на овој закон, за што се издава потврдата од членот 51-а став 3 на овој закон.

Ако оставителот нема наследници, со оружјето се постапува согласно со членот 45 од овој закон.

Судот надлежен за расправање на оставината го известува надлежниот орган за секое решение со кое се наследува оружје.

## IV. ПОНИШТУВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ОРУЖЈЕ, ДОЗВОЛАТА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКО ОРУЖЈЕ ДОЗВОЛАТА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ И ДОЗВОЛАТА ЗА НОСЕЊЕ НА ОРУЖЈЕ

### Член 41

Дозволата за оружје, дозволата за колекционерско оружје, дозволата за носење оружје и потврдата за пријавување оружје од Д категорија, ќе се поништат во случај кога:

1) е донесено конечно решение за одземање на оружјето и муницијата, дозволата за оружје, дозволата за колекционерско оружје односно дозволата за носење на оружје;

2) одобрението за постојан престој на странец на територијата на Република Северна Македонија престанало согласно со прописите со кои се регулира престојот на странците во Република Северна Македонија;

3) ќе настапи смрт на имателот на дозволата;

4) оружјето е украдено, односно исчезнато или продадено и

5) се исполнети условите од членот 23 став 4 од овој закон.

Дозволата за поседување на оружје и потврдата за пријавување оружје од Д категорија ќе се поништи во случај кога:

е донесено конечно решение за одземање на оружјето и муницијата, дозволата за поседување на оружјето и

правното лице ќе престане да постои или службата за обезбедување која постоела во рамките на правното лице ќе престане да постои.

### Член 42

Надлежниот орган ќе донесе решение за одземање на дозволата за оружје, дозволата за колекционерско оружје односно дозволата за носење на оружје и потврдата од член 27 ставот 2 од овој закон во случај кога ќе утврди дека лицето:

1) ја изгубило деловната способност;
2) ја изгубило способноста да поседува или носи оружје, согласно со мислењето на надлежната здравствена установа;
3) со правосилна пресуда е осудено за кривично дело или прекршок од членот 12 став 1 на овој закон;
4) кога оружјето доброволно е предадено од сопственикот согласно со членот 38-а од овој закон и
5) ги крши обврските утврдени со овој закон.

Надлежниот орган ќе донесе решение за одземање на дозволата за поседување на оружје и потврдата од член 27 став 2 од овој закон во случај кога ќе утврди дека:

**1)** причините за издавање на дозволата и потврдата повеќе не постојат**;**
2) кога оружјето доброволно е предадено од сопственикот согласно со членот 38-а од овој закон и
3) правното лице ги крши обврските утврдени со овој закон.

Надлежниот орган ќе донесе решение за одземање на дозволата, оружјето и муницијата кога во постапка за продолжување на важноста на дозволата за оружје ќе утврди дека оружјето е во толкава мера дотраено што со неговата употреба може да се загрози сигурноста на луѓето, а не постои можност тоа да се поправи или сопственикот на оружјето ќе оцени дека поправката е економски неоправдана.

Против решението од ставовите 1, 2 и 3 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до комисијата.

Жалбата против решението од ставовите 1 и 2 на овој член не го одлага неговото извршување.

Во случај кога дозволата за оружје дозволата за колекционерско оружје односно дозволата за поседување на оружје ќе биде одземена согласно со ставот 1 точка 5 и ставот 2 точка 3 на овој член, ново барање за издавање на одобрение за набавување на оружје, односно ново барање за издавање на одобрение за набавување на колекционерско оружје може да се поднесе по истекот на пет години од денот на донесувањето на конечното решение.

По донесување на конечно решение од став 1 точката 4, став 2 точката 2 и ставот 3 на овој член надлежниот орган го брише од евиденцијата и комисиски го уништува оружјето, а за уништеното оружје не се исплатува надоместок на сопственикот на оружјето.

**Член 44**

Во случаите од членовите 41 и 42 на овој закон, надлежниот орган ќе донесе решение за одземање на оружјето и муницијата.

Против решението од ставот 1 на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до комисијата.

Жалбата против решението од ставот 1 на овој член, не го одлага неговото извршување.

По донесување на конечно решение од ставот 1 на овој член надлежниот орган ќе издаде потврда и ќе го повика сопственикот или правното лице во рок од шест месеца оружјето или муницијата да ги продаде.

Ако сопственикот или правното лице во рокот утврден во ставот 4 на овој член не го продаде одземеното оружје и муниција, надлежниот орган ќе спроведе продажба на оружјето и муницијата по пат на јавно наддавање на правните лица што се занимаваат со промет на оружје и муниција и на физички лица кои имаат одобрение за набавување на оружје. За продаденото оружје и муницијата, на сопственикот или правното лице му припаѓа продажната цена намалена за износот на трошоците на продажбата.

Ако оружјето не се продаде по пат на јавно наддавање со оружјето ќе се постапи според членот 45 на овој закон.

Лицата од ставот 4 на овој член имаат право да поднесат приговор против потврдата од ставот 4 на овој член до организациската единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е издавањето на потврдите во рок од 15 дена од денот на приемот на потврдата.

По приговорот од ставот 7 на овој член одлучува раководителот на непосредно повисоката организациска единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е да одлучува по приговорот во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.

**Член 45**

Со оружјето и муницијата одземени во кривична или прекршочна постапка се постапува согласно со посебен закон.

## V. ПРОИЗВОДСТВО НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА, ПОПРАВАЊЕ И ОНЕСПОСОБУВАЊЕ (ДЕАКТИВИРАЊЕ) НА ОРУЖЈЕ

**Член 46**

Производство на оружје и муниција и поправање на оружје можат да вршат трговски друштва со седиште на територијата на Република Северна Македонија кои пред уписот во трговскиот регистар ќе добијат одобрение за вршење на таа дејност.

Под производство на оружје и муниција, во смисла на овој закон, се смета секоја активност на истражување, испитување, развој, изработување, доработување и склопување на делови на оружје и муниција, освен активностите извршени од страна на сопственикот на ловечкото или спортското оружје, заради полнење на муниција за сопствени потреби, што се користи при употреба на ловечкото или спортското оружје.

Под недозволено производство на огнено оружје, делови на огнено оружје и муниција, во смисла на овој закон, се смета секое производство или склопување на огнено оружје, делови на огнено оружје и муниција:

-од главни делови на огнено оружје кои се набавени со недозволен промет;

-кои не се означени во времето на производство или склопувањето, согласно со прописите за испитување и жигосување, односно обележување;

-кои не се испитани, жигосани односно обележани согласно со прописите за испитување и жигосување, односно обележување, како и не е издадена потврда од членот 51-а став 4 од овој закон, а се пуштени во промет.

Под поправање на оружје, во смисла на овој закон, се смета отстранување на дефекти на оружјето и замена или вградување на оригинални делови за оружје.

Одобрението од ставот 1 на овој член го издава надлежниот орган, во рок од шест месеци од денот на поднесување на барањето.

Одобрението за производство на оружје и муниција за оружје се издава по претходно прибавени мислења од Министерството за одбрана и Министерството за економија.

**Член 47**

Кон барањето за издавање на одобрение од членот 46 на овој закон се приложува список на основачите на трговското друштво.

Одобрение за производство на оружје и муниција и поправање на оружје ќе се издаде, ако:

1) подносителот на барањето и одговорното лице во правното лице:

-ги исполнуваат условите од членот 9 став 1 точки 2 до 4 на овој закон,

-се државјани на Република Северна Македонија и

-во моментот на поднесување на барањето да имаат живеалиште на територијата на Република Северна Македонија и

2) се исполнети просторните и техничките услови за производство, поправање и безбедно сместување на оружјето и муницијата, за заштита од пожар, експлозии, загадување, кражба и пристап на неовластени лица.

Овластеното службено лице во Министерството за внатрешни работи кое ја води постапката е должно во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот 1 на овој член, да ги побара доказите и податоците кои се потребни за докажување на исполнетоста на условите од став 2 точка 1 на овој член.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците од ставот 3 на овој член е должно да ги достави бараните докази и податоци во рок од 90 дена од денот на приемот на барањето.

Против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрението за производство на оружје и муниција и поправање на оружје, правното лице има право на жалба до комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Трговското друштво на кое му е издадено одобрение од членот 46 на овој закон е должно во рок од 15 дена од започнувањето со производство на оружје и муниција, односно поправање на оружје да го извести надлежниот орган.

Министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за транспорт и врски и министерот за економија ќе донесе поблиски прописи за минималните технички и безбедносни услови што треба да ги исполнуваат објектите во кои се врши производство и поправање, односно промет и складирање на оружје и муниција.

**Член 49**

Трговските друштва кои вршат поправање на оружје се должни да примат на поправка само регистрирано оружје.

Трговските друштва од ставот 1 на овој член се должни да издадат потврда за секое извршено поправање на оружјето.

По извршената поправка на главните делови на огненото оружје, физичкото, односно правното лице е должно во рок од осум дена од денот на приемот на поправеното оружје, да го пријави оружјето заради пробни испукувања и да поднесе барање за регистрирање на поправените главни делови на огненото оружје.

Трговските друштва  од ставот 1 на овој член се должни во рок од пет дена од извршената поправка на главните делови на огненото оружје да достават известување за извршената поправка до надлежниот орган.

Известувањето од ставот 4 на овој член содржи податоци за физичкото, односно правното лице на чие оружје се извршени поправки на главните негови делови и податоци за оружјето.

**Член 50**

Со оружје и муниција во процесот на производство и поправање не можат да ракуваат лица кои не ги исполнуваат условите од членот 9 став 1 точки 1 до 4 и точка 6 на овој закон.

Трговските друштва се должни да ги обезбедат со постојана физичко-техничка заштита просториите во кои го сместуваат оружјето и муницијата.

**Член 51-а**

Трајно онеспособување (деактивирање) на оружје се врши на оружје од Б и Ц  категорија.

Трајно онеспособување на оружје вршат трговските друштва со седиште на територија на Република Северна Македонија кои имаат добиено одобрение за производство на оружје и муниција или поправање на оружје.

По извршувањето на техничката постапка од ставот 1 на овој член, трговските друштва од ставот 2 на овој член, се должни да издадат потврда дека е извршена техничка постапка за трајно онеспособување на оружјето.

Сопственикот на оружјето што е трајно онеспособено за употреба е должен во рок од осум дена да ги достави оружјето и потврдата од ставот 3 на овој член, до соодветната комисија во секторот за внатрешни работи  формирана од страна на министерот за внатрешни работи, која издава потврда дека огненото оружје е трајно онеспособено за употреба.

Комисиите од ставот 4 од овој член се составени од вработени во Секторот за внатрешни работи за чие подрачје се формира комисијата.

Комисијата од ставот 5 на овој член е составена од претседател и три члена и тоа:

- претседателот и еден од членовите се униформирани полициски службеници;

-еден член е од надлежната организациска единица за оружје и

- еден член е од надлежната организациска единица за криминалистичка техника.

Сопственикот на оружјето трајно ја задржува потврдата за деактивирање на оружјето. Доколку деактивираното оружје е предмет на правен промет, тоа е придружено заедно со потврдата за деактивирање.

Сопственикот на оружјето има право да поднесе приговор против потврдата од ставот 4 на овој член до организациската единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е издавањето на потврдите во рок од 15 дена од денот на приемот на потврдата.

По приговорот одлучува раководителот на непосредно повисоката организациска единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е да одлучува по приговорот, во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.

За издадените потврди за трајно онеспособување на оружје, Министерството  за внатрешни работи задолжително води евиденција со наведување на бројот и датумот на издавање на потврдата.

Евиденциите од ставот 8 од овој член се чуваат 20 години.

Министерот за внатрешни работи со подзаконски акт поблиску ќе ги уреди техничките спецификации за деактивирање на огнено оружје, формата и содржината на образецот за означување на деактивираното оружје и формата и содржината на образецот на потврдата за деактивирање на огнено оружје.

**Член 51-б**

Привременото онеспособување (деактивирање) на огнено оружје се врши со преземање на една од следниве технички постапки, со цел:

-низ цевката на оружјето да се провлече жица, чиишто краеви се поврзуваат со метална пломба (пломбирање);

-онеспособување (блокирање) на чкрапалото на огненото оружје со пломба и

-лежиштето на куршуми на револверот да има еден попречно поставен отвор, со пречник еднаков на калибарот на цевката на оружјето. Лежиштето на куршуми на револверот да биде затворено со метална влошка, која ја опфаќа внатрешноста на цевката.

Привремено онеспособување на огнено оружје можат да вршат трговските друштва со седиште на територија на Република Северна Македонија кои имаат добиено одобрение за производство или поправање на оружје и делови за оружје.

По извршувањето на една од техничките постапки од ставот 1 на овој член, трговските друштва од ставот 2 на овој член се должни да издадат потврда дека е извршена техничка постапка за привремено онеспособување на оружјето.

## VI. ПРОМЕТ СО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА И ДЕЛОВИ ЗА ОРУЖЈЕ

### Член 52

Промет со оружје, муниција и делови за оружје можат да вршат трговски друштва со седиште на територијата на Република Северна Македонија кои пред уписот во трговскиот регистар ќе добијат одобение за вршење на таа дејност.

Одобрението од ставот 1 на овој член го издава надлежниот орган врз основа на поднесено барање во рок од шест месеци од денот на поднесување на барањето.

Барањето и одобрението од ставот (2) на овој член се поднесува односно издава и во електронски облик.

Под промет со огнено оружје, делови на огнено оружје и муниција во смисла на овој закон се смета секое набавување, продажба, испорака, посредување, превоз или трансфер на огнено оружје, делови на огнено оружје и муниција.

Под недозволен промет со огнено оружје, делови на огнено оружје и муниција, во смисла на овој закон, се смета секое набавување, продажба, испорака, посредување, превоз или недозволен трансфер на огнено оружје, делови на огнено оружје и муниција, на територијата на Република Северна Македонија, односно од или преку територијата на Република Северна Македонија, доколку пренесувањето на огненото оружје, деловите на огненото оружје и муницијата не е дозволено од сите држави преку чија територија тоа се движи, како и набавување, продажба, испорака, превоз или трансфер на огнено оружје што не е означено согласно прописите за испитување и жигосување, односно обележување, како и не е издадена потврда од членот 51-а став 4 од овој закон.

Трговските друштва од ставот 1 на овој член се должни да вршат промет само со обележано оружје и муниција согласно со членот 53 на овој закон.

Трговските друштва од ставот 1 на овој член можат да продаваат оружје и муниција само на физички и правни лица кои поседуваат одобрение за набавување на оружје.

Одредбите од членовите 47, 48 и 50 на овој закон соодветно се применуваат и на трговските друштва кои вршат промет со оружје и муниција.

Трговските друштва можат да продаваат муниција за оружје на физичките лица, согласно со членот 7 ставови 5 и 6 на овој закон, а муниција за оружје на правни лица кои вршат приватно обезбедување согласно со членот 7 став 7 на овој закон.

### Член 53

Во промет може да се пушти оружје, муниција и делови на оружјето кои се испитани, жигосани, односно обележани согласно со прописите за испитување и жигосување, односно обележување на рачното огнено оружје и муниција и оружје за кое е издадена потврда од член 51 –а став 4 на овој закон.

### Член 54-а

Посредник со оружје врши посредување со оружје ако:

-дејноста е запишана во трговскиот регистар и

-му е издадено одобрение за вршење на посредување со оружје од надлежниот орган.

Одобрение за вршење на посредување со оружје се издава во рок од 60 денови од денот на поднесување на барањето, ако посредникот со оружје ги исполнува условите предвидени во член 47 став 2 точката 1 на овој закон.

Против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрението за посредување со оружје, лицето од ставот 1 на овој член има право на жалба до комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Член 55**

Под трансфер на оружје, муниција и главни делови за оружје, во смисла на овој закон, се смета секоја активност преземена при увоз, извоз и транзит на однапред договорена количина на оружје, муниција и делови за оружје, меѓу трговските друштва од членот 46 став 1 и членот 52 став 1 на овој закон и трговски друштва на други држави.

Трансферот на оружје, муниција и главни делови за оружје преку државната граница, се врши од страна на трговските друштва од ставот и на овој член, кои ќе добијат одобрение издадено од надлежниот орган.

Одобрение за транфер на оружје, муниција и главни делови за оружје од категоријата Б и Ц се издава по претходно прибавено мислење од Министерството за надворешни работи и Министерството за одбрана.

Барањето за издавање на одобрение од ставот 2 на овој член, содржи:

- назив и седиште на испорачателот, примателот и превозникот,
- назив и седиште на производителот на оружје, муниција и главни делови за оружје;
- податоци за обележување и жигосување на оружјето, муницијата и главните делови за оружјето согласно закон (вид, марка, калибар, категорија, модел);
- количина на оружје, муниција и главни делови за оружје.

Подносителот на барањето од ставот 3 на овој член, е должен кон барањето да достави и:

- увозна или транзитна дозвола од државата во која оружјето, муницијата и деловите за оружје се извезуваат или низ кои земји транзитира;
-потврда (сертификат) за краен корисник издадена од надлежниот орган и
-договор или друг документ за договорената количина на оружје, муниција и главни делови за оружје.

Одобрението од ставот 2 на овој член ги содржи податоците од барањето од ставот 2 на овој член и се издава во рок од 30 денови од денот на поднесување на барањето, и е со рок на важење од една година.

Одобрението од ставот 2 на овој член, престанува да важи ако се преземат рестриктивни мерки во согласност со прописите за меѓународни рестриктивни мерки.

Барањето од ставот 3 на овој член и одобрението од ставот 2 на овој член се поднесува, односно издава и во електронски облик.

Против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрението од ставот 2 на овој член, трговските друштва од ставот 1 на овој член имаат право на жалба до комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Член 55-а**

**Престанува да важи со започнувањето на примената на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муниција („Службен весник на Република Македонија“ број 25/10)**

## VII. ПРЕВОЗ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

**Член 56**

За превоз на оружје, муниција и главни делови за оружје при увоз, извоз и транзит преку државната граница е потребно одобрение од надлежниот орган.

Одобрението од ставот 1 на овој член се издава на трговските друштва од членот 46 став 1 и членот 52 став 1 на овој закон.

Трговските друштва од ставот 2 на овој член поднесуваат барање за издавање на одобрение за превоз преку државна граница на оружје, муниција и главни делови за оружје, кое содржи:

-назив и седиште на испорачателот, примателот и превозникот,
-назив и седиште на производителот на оружје, муниција и главни делови за оружје,

-податоци за обележување и жигосување на оружје, муниција и главни делови за оружје согласно со закон (вид, марка, калибар, категорија, модел и фабрички број),

- количина на оружје, муниција и главни делови за оружје,

-правецот на движење (влезен-излезен граничен премин и крајно одредиште),

- податоци за превозното средство (земја на потекло, вид, број на регистерските таблици и АДР сертификат за возилото доколку се превезува муниција или експлозивна материја) и

- податоци за возачот (име, презиме, земја на потекло, адреса, документ за идентификација, АДР дозвола за возачот доколку се превезува муниција или експлозивна матрија).

Одобрението од ставот 1 на овој член превоз на оружје ги содржи податоците од барањето од ставот 3 на овој член.

Надлежниот орган при издавање на одобрението од ставот 1 на овој член, може по потреба да наложи мерки за обезбедување при превозот на оружјето, муницијата, главните делови за оружјето во согласност со закон.

Одобрението од ставот 1 на овој член се издава во рок од три месеци од денот на приемот на барањето, и е со рок на важење до два месеца.

За извршениот превоз на оружјето, муницијата и главните делови за оружје, трговските друштва од ставот 2 на овој член што го примило оружјето, муницијата и деловите за оружје е должно во рок од пет дена да го известува надлежниот орган кој го издал одобрението.

Известувањето од ставот 7 на овој член се доставува во електронска или хартиена форма.

Барањето од ставот 3 на овој член и одобрението од ставот 2 на овој член се поднесува, односно издава и во електронски облик.

Одобрението од ставот 1 на овој член го придружува оружјето, муницијата и главните делови за оружје до крајното одредиште.

Оружјето, муницијата и деловите за оружје што транзитираат преку територијата на Република Северна Македонија не се обележува согласно со членот 53 од овој закон.

Против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрението од ставот 1 на овој член, трговските друштва од ставот 2 на овој член имаат право на жалба до комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

## VIII. ЦИВИЛНИ СТРЕЛИШТА

### Член 58

Цивилни стрелишта се објекти наменети за спортско-рекреативни вежби во гаѓање, како и за практично оспособување за ракување со оружје, кои исполнуваат технички и безбедносни услови за употреба на огнено, ловечко или спортско оружје.

Цивилни стрелишта можат да основаат правни лица, кои покрај условите за упис во трговскиот регистар, ќе добијат одобрение од надлежниот орган.

Одредбите од членовите 47, 48 и 50 на овој закон соодветно се применуваат и на основањето цивилни стрелишта.

Одредбите на овој закон за цивилните стрелишта не се применуваат на ловиштето што ловечките друштва (корисници на дивечот во ловиштето или стопанисувачи со ловиштето) ги употребуваат за стрелање и проба на ловечкото оружје согласно со прописите за ловство.

Министерот за внатрешни работи ќе донесе поблиски прописи за минималните технички и безбедносни услови што треба да ги исполнуваат објектите од ставот 1 на овој член.

Одобрението од ставот 2 на овој член се издава во рок од шест месеци од денот на поднесувањето на барањето.

### Член 58-а

Правните лица од членот 58 став 2 на овој закон се должни да донесат куќен ред на цивилното стрелиште, во рок од 30 дена од денот на основањето на стрелиштето.

Надлежниот орган дава согласност на куќниот ред од ставот 1 на овој член.

### Член 59

Гаѓање на цивилни стрелишта може да врши секое физичко лице.

Физичките лица од ставот 1 на овој член се должни при гаѓањето да носат заштитни очила и штитници за уши.

Доколку физичкото лице од ставот 1 на овој член нема сопствено оружје за гаѓање, може да изнајми оружје и муниција од цивилното стрелиште, со кои врши гаѓање на тоа стрелиште.

Физичкото лице од ставот 1 смее да гаѓа на цивилно стрелиште, во присуство на претставници од правните лица од член 58 ставот 2 од овој закон.

Правните лица од членот 58 став 2 од овој закон се должни да превземат соодветни мерки за надминување на штетите од нестручното изведување на гаѓањето на цивилното стрелиште.

**Член 60**

Цивилните стрелишта можат да набавуваат оружје и потребни количини на муниција заради гаѓање на стрелиштето, како и за практично оспособување за ракување со оружје врз основа на одобрение од надлежниот орган.

Надлежниот орган ќе издаде одобрение за набавување на оружје од ставот (1) на овој член, ако на цивилното стрелиште има простор за безбедно сместување и чување на оружјето.

Надлежниот орган ќе издаде одобрение за набавка на муниција со рок на важење до два месеца, за количина во зависност од можностите за сместување и обемот на трошење на муницијата.

## IX. ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА ПРЕКУ ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

**Член 61**

Преку државната граница државјаните на Република Северна Македонија и странците можат да ги пренесуваат само оние видови оружје и муниција што согласно со одредбите на овој закон можат да ги набавуваат, поседуваат и носат и за кое оружје и муниција е издадено одобрение од надлежниот орган.

При пренесување на оружјето и муницијата од ставот 1 на овој член, државјаните на Република Северна Македонија и странците се должни да го пријават оружјето и муницијата што го носат со себе и да го достават на увид издаденото одобрение од надлежниот орган на полицискиот службеник на граничниот премин каде што се преминува државната граница.

Ако полицискиот службеник при преглед на физичкото лице од ставот 1 на овој член, односно при преглед на превозното средство на лицето, пронајде оружје и муниција што не е пријавено, односно за кое не е доставено на увид издаденото одобрение од надлежниот орган, со решение привремено ќе го одземе оружјето и муницијата до завршувањето на прекршочната постапка или кривичната постапка, со правосилна одлука.

Против решението од ставот 3 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до комисијата.

Жалбата против решението од ставот 3 на овој член не го одлага неговото извршување.

Министерот за внатрешни работи ќе донесе подзаконски пропис за начинот за пренесување на оружје и муниција преку државната граница.

**Член 64**

Државјани на Република Северна Македонија кои престојувале во странство и имаат намера постојано да живеат во Република Северна Македонија и странци со одобрен постојан престој во Република Северна Македонија, при преминувањето на државната граница се должни да го пријават на граничниот премин оружјето кое имаат намера да го внесат во Република Северна Македонија и за кое поседуваат валидна дозвола за оружје издадена од надлежен орган на друга држава.

Во рок од еден ден од денот на пријавување на оружјето, на граничниот премин се издава одобрение за внесување на оружје и муниција по што оружјето се внесува на територијата на Република Северна Македонија.

Лицата од ставот 1 на овој член во рок од осум дена од денот на издавањето на одобрението од ставот 2 на овој член се должни да поднесат барање за заменување на дозволата за оружје издадена од надлежен орган на друга држава, како и да го предадат оружјето заради негово пробно испукување.

При заменување на дозволата за оружје, лицето од ставот 1 на овој член треба да поднесе барање и да ги исполни условите од членот 9 став 1 точки 2, 3 и 4 од овој закон.

Доколку се одбие барањето од ставот 3 на овој член лицата од ставот 1 на овој член се должни во рок од осум дена оружјето да го изнесат надвор од територијата на Република Северна Македонија.

Одредбите на овој член не се применуваат на оружјето од ставот 1 на овој член, кое е забрането за набавување и поседување во Република Северна Македонија и истото не смее да се внесе на територијата на Република Северна Македонија.

Против решението со кое се одбива барањето за заменување на дозволата за оружје издадена од надлежен орган на друга држава, странката има право на жалба до комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Член 67**

Странците кои доаѓаат во Република Северна Македонија заради лов се должни при преминувањето на државната граница ловечкото оружје и муницијата што ги носат со себе да ги пријават на полициските службеници.

Надлежниот орган на граничниот премин каде што се преминува државната граница ќе им издаде на странците од ставот 1 на овој член одобрение за носење на ловечко оружје за време на ловот во Република Северна Македонија.

Странците од ставот 1 на овој член можат да внесат во Република Северна Македонија муниција за оружје со жлебени цевки најмногу до 100 куршуми, односно муниција за оружје со нежлебени цевки најмногу до 500 куршуми.

Количината на муницијата од ставот 3 на овој член се однесува при секое внесување на оружјето на територијата на Република Северна Македонија заради лов.

Одобрението од ставот 2 на овој член се издава во рок од еден ден од денот на пријавувањето.

Против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрението од ставот 2 на овој член, странката има право на жалба до комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Член 68**

Членовите на стрелачки организации кои групно или поединечно патуваат во странство заради учествување на стрелачки натпревари или заради подготовки за такви натпревари, можат преку државната граница да пренесуваат оружје и муниција за тие потреби врз основа на одобрение од надлежниот орган.

Членовите на странски стрелачки организации можат да пренесуваат спортско оружје во Република Северна Македонија врз основа на одобрение за носење на спортско оружје заради учество на стрелачки натпревари или заради подготовка за стрелачки натпревари издадено од надлежниот орган или врз основа на друга соодветна исправа издадена од надлежен орган на друга држава.

Одобрението од ставот 1 на овој член се издава од страна на надлежниот орган на граничниот премин каде што се преминува државната граница.

Одобрението од ставот 1 на овој член се издава во рок од еден ден од денот на пријавувањето.

Против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрението од ставот 2 на овој член, странката има право на жалба до комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Член 70**

Ловечкото и спортското оружје и муницијата за тоа оружје што е запленето од царинските органи се продава од овие органи по пат на јавно наддавање на правните лица што се занимаваат со промет на оружје и муниција и на физички лица кои имаат одобрение за набавување на оружје.

Со другото оружје и муниција што е запленето од царинските органи се постапува согласно со членот 45 на овој закон.

**X. ДРЖАВЈАНИ НА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

**Член 72**

Државјаните на земјите членки на Европската унија можат во Република Северна Македонија да внесуваат оружје за кое им е издадена европска дозвола за огнено оружје врз основа на претходно одобрение од надлежен орган.

За транзит на оружје од ставот 1 на овој член одобрение издава надлежниот орган.

Барањето за издавање на одобрение од ставовите 1 и 2 на овој член може да се поднесе и до дипломатско-конзуларното преставништво на Република Северна Македонија во земјата во која престојува лицето од ставот 1 на овој член.

Одобрението од ставовите 1 и 2 на овој член се издава во рок од 30 денови од денот на поднесување на барањето, и е со рок на важење од една година и се впишува во европската дозвола за огнено оружје. Одобрението може да се продолжи уште за една година.

Одобрението од ставовите 1 и 2 на овој член нема да се издаде доколку тоа го бараат причините на безбедноста на државата или јавниот ред и мир.

Не е потребно да се издаде одобрение од ставовите 1 и 2 на овој член на членови на ловечки друштва и членови на друштва за спортско стрелаштво ако за оружјето од членот 4 ставови 4, 5 и 6 од овој закон е издадена европска дозвола за огнено оружје под услов да докажат дека целта на патувањето во Република Северна Македонија е учество во ловечки или спортски натпревари.

Огнено оружје кое е забрането за набавување и поседување во Република Северна Македонија согласно со членот 4 став 3 од овој закон не смее да се внесе во Република Северна Македонија од страна на државјаните на земјите членки на Европската унија согласно со ставот 6 на овој член.

При патување со европската дозвола за огнено оружје, имателот на огненото оружје не плаќа надоместок или такса за време на користењето на дозволата во државата.

Против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрението од ставовите 1 и 2 на овој член, странката има право на жалба до комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

## XI. ЕВИДЕНЦИИ

### Член 75

Министерството за внатрешни работи води евиденција за издадените одобренија за набавување на оружје, поднесените барања за регистрирање на оружјето, барања за заменување на постојните дозволи, дозволи за оружје, дозволи за поседување на оружје, дозволи за носење на оружје, потврди за поседување на оружје, одобренија за набавување на колекционерско оружје, поднесени барања за регистрирање на колекционерско оружје, дозволи за колекционерско оружје, колекционери, за пријавено оружје од категорија Д, одземено, пронајдено, предадено оружје и муниција, одобренија за производство и поправка, потврди за огнено оружје што е трајно онеспособено за употреба, одобенија за промет, одобренија за пренесување на оружје (трансфер), одобренија за превоз, одобренија за основање на цивилни стрелишта, одобренија за набавување и изнесување на оружје и муниција од државата, одобренија за внесување на оружје и муниција, одобренија за внесување на оружје и муниција издадено од дипломатско-конзуларното преставништво, одобренија за поседување и носење на ловечко оружје за време на лов во државата, одобренија за пренесување на спортско оружје и одобренија за транзит на оружјето и муницијата.

Евиденциите од ставот 1 на овој член се водат согласно со Законот за општата управна постапка и ги содржат податоците од обрасците на барањата, дозволите и одобренијата предвидени со овој закон.

## XII. НАДЗОР

### Член 78

Надзор над придржувањето кон пропишаните услови за производство, поправање, онеспособување (деактивирање) промет, сместување и чување на оружје и муниција, сместување и чување на оружје кое е дел од збирка на колекционерско оружје, составена од над 25 парчиња на оружје употребата на стрелишта, како и над законитоста на поседувањето и носењето на оружје и муниција и водењето евиденции утврдени со овој закон, врши Министерството за внатрешни работи.

Овластените физички и правни лица се должни да го овозможат вршењето на надзорот, контролата на оружјето, да ја стават на располагање соодветната документација и да ги дадат потребните податоци и известувања.

Министерот за внатрешни работи ќе го одземе одобрението за производство, поправање, промет на оружје и муниција или употреба на цивилно стрелиште, ако утврди дека престанале да постојат условите за издавање на одобрението предвидени со овој закон или нема да бидат отстранети утврдените неправилности во рокот што ќе го определи.

Трговското друштво на кое му е одземено одобрението за производство, поправање или промет на оружје и муниција или употреба на цивилно стрелиште, барање за повторно издавање на одобрение може да поднесе по истекот на една година од правосилноста на решението со кое му е одземено овластувањето.

По правосилноста на решението надлежниот орган го известува Централниот регистар заради преземање на соодветни мерки за престанок на вршење на дејноста на трговското друштво.

Оружјето и муницијата со кои располага трговското друштво ќе се предадат на надлежниот орган во рок од 15 дена од денот на правосилноста на решението.

Оружјето и муницијата од ставот 6 на овој член, ќе се продадат по пат на јавно надавање на правните лица што се занимаваат со промет на оружје и муниција и на физички лица кои имаат одобрение за набавување на оружје.

Средствата остварени со продажбата на оружјето и муницијата се приход на трговското друштво.

## XIII. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

### Член 79

Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на правното лице кое ќе набави, поседува, произведе, поправи, продаде, размени или даде на друг оружје и муниција чие набавување, поседување, носење, производство, поправање или промет е забрането.

За прекршокот од ставот 1 на овој член, на правното лице ќе му се изрече забрана за вршење на производство, поправање или промет со оружје, муниција и делови за оружје, односно забрана за употреба на цивилно стрелиште, во траење од најмалку три месеци до две години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.

### Член 80

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице кое:

1) набавува, поседува, произведува, поправа, онеспособува, продава, разменува, пренесува или даде на друг, оружје, делови на оружје и електрични парализатори од членот 4 став 2 на овој закон, освен огненото оружје и муницијата од членот 4 став 2 на овој закон;
2) набавува делови за оружје на начин спротивен на одредбите на членот 7 став 2 од овој закон;
3) поседува муниција во количина поголема од утврдената во членот 7 став 5 на овој закон;
4) носи и употребува оружје за кое му е издадена потврда за поседување на оружје согласно со членот 21 став 4 на овој закон;
5) го носи оружјето на начин спротивен на одредбите на членот 24 од овој закон;
6) набавува колекционерско оружје на начин спротивен на одредбите на членот 26-а на овој закон;
7) поседува оружје од Д категорија за кое не е издадена потврда од надлежниот орган (член 27 став 2);
8) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 28 од овој закон;
9) ги брише или оштетува ознаките што се втиснати на оружјето (член 28 став 2);
10) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 29 од овој закон;
11) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 30 од овој закон;
12) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 31 од овој закон;
13) чува оружје на начин спротивен на одредбите на членот 33 од овој закон;
14) постапува спротивно на одредбите на членот 51-а од овој закон и
15) нема да го изнесе оружјето надвор од границите на Република Северна Македонија, при првото напуштање на територијата на државата (член 62 став 3).

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на оружјето и муницијата.

### Член 81

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице кое:

1) во пропишаниот рок нема да поднесе барање за регистрација на оружјето и издавање дозвола за оружје до надлежниот орган (член 18 став 1);
2) нема да продаде на купувачот на оружјето три парчиња на муниција соодветни за видот на оружјето;
3) нема потврда за пренесување на оружјето од магацинот за оружје на стрелачкото друштво до стрелиштето или теренот определен за тоа, како и во обратен правец (член 26 став 2);
4) во пропишаниот рок нема да го пријави набавеното оружје од Д категорија (член 27 став 2);
5) нема да ја покаже дозволата за оружје и дозволата за носење на оружје на барање на овластено службено лице на надлежниот орган (член 32 став 2);
6) во пропишаниот рок нема да го пријави купеното оружје заради пробни испукувања, односно во пропишаниот рок нема да поднесе барање за регистрирање на оружјето (член 35 ставови 3 и 4);
7) во пропишаниот рок нема да го пријави оружјето што се разменува, односно во пропишаниот рок нема да поднесе барање за регистрирање на оружјето (член 35-а став 4);
8) во пропишаниот рок нема да пријави исчезнување, губење или кражба на оружје и муниција, на одобрението за набавување на оружје, дозволата за оружје или дозволата за носење на оружје, одобрение за набавување на колекционерско оружје и дозвола за колекционерско оржје (член 36);
9) при промена на живеалиштето или престојувалиштето во пропишаниот рок нема да го пријави оружјето на надлежниот орган на чие подрачје е новото живеалиште или престојувалиште (член 38);
10) во случај на смрт на сопственикот на оружјето, во пропишаниот рок нема да го предаде оружјето и муницијата (член 39 став 1);
11) привремено онеспособеното оружје со муниција не го чуваат во местото на нивното живеалиште или престојувалиште, односно во местото на одобрен постојан престој, до завршувањето на оставинската постапка (член 39 став 2);
12) во пропишаниот рок нема да пријави за пробно испукување оружје чии главни делови се поправени, односно нема да поднесе барање за регистрирање на поправените главни делови на огненото оружје (член 49 став 3);
13) при гаѓање на цивилни стрелишта не носи заштитни очила и штитници за уши (член 59 став 2);
14) гаѓа на цивилно стрелиште во отсуство на претставник на правното лице (член 59 став 4);
15) лицето кое при преминувањето на државната граница нема да ги пријави на надлежен орган оружјето и муницијата што ги носи со себе (членови 61 став 2, 63 и 67);
16) без одобрение изнесува од Република Северна Македонија оружје и муниција кога за изнесувањето на оружјето и муницијата е потребно одобрение (членови 63 и 65);
17) нема да пријави оружје кое има намера да го внесе во Република Северна Македонија (член 64 став 1);
18) во пропишаниот рок нема да поднесе барање за заменување на дозволата за оружје издадена од надлежен орган на друга држава, како и нема да го предаде оружјето заради негово пробно испукување (член 64 став 3);
19) во пропишаниот рок нема да го изнесе оружјето надвор од територијата на Република Северна Македонија (член 64 став 5);
20) ќе пренесе или ќе се обиде да пренесе оружје или муниција преку граничен премин отворен за пограничен сообраќај, освен ако тоа е определено со меѓународен договор (член 71) и
21) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 78 став 2 од овој закон.

За прекршокот од ставот 1 точки 1 и 3 на овој член на физичкото лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на оружјето и муницијата.

**Член 82**

Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на правното лице кое:

1) врши продажба на оружје од Д категорија на лице кое не го исполнува условот од членот 9 став 1 точка 1 на овој закон (член 27 став 1);
2) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 28 од овој закон,
3) ќе продаде или даде на употреба оружје или муниција на лице кое нема одобрение за набавување, односно кое нема дозвола за оружје, дозвола за носење на оружје (член 29);
4) го чува оружјето на начин спротивен на одредбите на членот 34 од овој закон;
5) во пропишаниот рок од започнувањето со производството на оружје и муниција, односно поправање на оружје не го извести Министерството за внатрешни работи (член 47 став 4);
6) ќе прими на поправка оружје што не е регистрирано (член 49);
7) во пропишаниот рок не започнало да води регистар за следење на производство, поправање, промет и превоз на оружје (член 48-а став 4);
8) не ги запишува податоците во регистар за следење на производство, поправање, промет и превоз на оружје (член 48-а став 5);
9) во пропишаниот рок нема да пријави за пробно испукување оружје чии главни делови се поправени (член 49 став 3);
10) просториите во кои е сместено оружјето и муницијата не ги обезбедило од пристап на неовластени лица со постојана физичко-техничка заштита (член 50 став 2);
11) оружјето што го примило за поправање било изнесено од работната просторија (член 51 став 1);
12) не издава потврда за извршена техничка постапка за трајно онеспособување на оружјето (член 51-а став 3);
13) оспособува за употреба (реактивира) оружје што е трајно онеспособено за употреба (член 51-а став 5);
14) врши промет со оружје и муниција на начин спротивен на одредбите на членот 52 ставови 4 и 5 од овој закон;
15) пушта во промет оружје, муниција и делови на оружје кои не се обележани, испитани, жигосани, односно обележани согласно со прописите за испитување и жигосување, односно обележување на рачното огнено оружје и муниција (член 53);
16) врши пренесување (трансфер) на оружје и муниција без издадено одобрение од надлежниот орган (член 55 став 2);
17) престанува да важи со влегување во сила на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муниција („Службен весник на Република Македонија“ број 25/10)
18) ќе превезе оружје и муниција без одобрение или спротивно на налозите за преземање на посебни мерки за обезбедување на превозот (член 56 ставови 1 и 6);
19) постапува спротивно на одредбите на членот 58-а од овој закон и
20) постапува спротивно на одредбите од членот 78 став 2 на овој закон.

Глоба во износ 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот 1 точките 4, 5, 6, 10, 11, 12, 13, 14, 15 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

За прекршокот од ставот 1 точки 1, 2, 3, 5, 10, 11 и 15 на овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на оружјето и муницијата.

За прекршокот од ставот 1 точки 4, 5, 6, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 на овој член, ќе се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на производство, поправање, промет или превоз на оружје и муниција, во траење од најмалку три месеци до две години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.

**Член 83**

Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на правното лице кое:

1) нема да издаде потврда за практично оспособување за ракување со оружје на физичките лица, баратели на одобрението за набавување на оружје (член 14 ставови 5 и 6);

2) во пропишаниот рок нема да поднесе барање за регистрација на оружјето и издавање дозвола за поседување на оружје (член 18);

3) во пропишаниот рок нема да го извести надлежниот орган (член 23 став 5);

4) издава потврда со која се доверува ловечко оружје за еднодневен лов на подрачјето на ловиштето на лице кое не е активен член на ловечко друштво (член 25);

5) дава на употреба оружје на лица кои поседуваат дозвола за оружјето, но не се активни членови на стрелачки друштва (член 26 став 1);

6) нема да издаде потврда за пренесување на оружјето од магацинот за оружје на стрелачкото друштво до стрелиштето, како и во обратен правец (член 26 став 2);

7) во пропишаниот рок нема да го пријави купеното оружје заради пробни испукувања, односно во пропишаниот рок нема да поднесе барање за регистрирање на оружјето (член 35 ставови 3 и 4);

8) нема да го пријави оружјето што се разменува, односно нема да го пријави оружјето што се разменува заради пробни испукувања (член 35-а став 4);

9) во пропишаниот рок нема да пријави исчезнување, губење или кражба на оружје и муниција, на одобрението за набавување на оружје, дозволата за оружје или дозволата за носење на оружје (член 36);

10) при промена на седиштето во пропишаниот рок нема да го пријави оружјето на надлежниот орган на чие подрачје е новото седиште (член 38);

11) во пропишаниот рок електронски нема да се поврзе со електронската евиденција за следење на производството, поправањето, прометот и превозот на оружјето и не ги внесува предвидените податоци во евиденцијата (член 48-а ставови 2 и 3);

12) во пропишаниот рок нема да достави известување за извршената поправка на главните делови на огненото оружје (член 49 став 4);

13) не превзело соодветни мерки за надминување на штетите од нестручното изведување на гаѓањето на цивилното стрелиште (член 59 став 5);

14) во пропишаниот рок не го извести надлежниот орган за извршениот превоз на оружје, муниција и делови за оружје (член 56 став 7 и член 56-а став 6) и

15) не води евиденција согласно со одредбите од членот 76 на овој закон.

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

За прекршокот од ставот 1 точка 2 на овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на оружјето и муницијата.

**Член 83-а**

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице кое постапува спротивно на одредбите на членовите 86, 86-б и 86-г од овој закон.

**Член 83-б**

Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на правното лице кое постапува спротивно на одредбите на членовите 86, 86-б и 86-г од овој закон.

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

**Член 83-д**

Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува стручниот испит, доколку не го снима, не го емитува во живо на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи согласно со членот 14-д од овој закон.

Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува стручниот испит, доколку не го блокира радиофреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот (член 14-д став 5).

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на претседателот, членовите и нивните заменици во комисијата од членот 14-б став 2 од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на член 14-ѓ ставот 3 од овој закон.

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на член 14-ѓ ставот 3 од овој закон.

Глоба од 150 до 500 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на претседателот, членовите и нивните заменици во комисијата од член 14 – з став 3 од овој закон доколку утврдат неправилности во спроведувањето на стручниот испит, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за внатрешни работи.